ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

јуни 2023 бр. 27



Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ БР.27

ISSN: 1857-7644

Издавач:
Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Редакциски одбор:
Манчо Митевски | Главен и одговорен уредник
д-р Весна Стефановска | Заменик на главниот и одговорен уредник
д-р Мерсел Биљали
м-р Славица Димитриевска
д-р Ангелина Станојоска

Лектор:
Татјана Стојановска

Преведувач:

Ирена Кацарски-Ќимова

Графички дизајн:
Дамјан Канзуров

Контакт:
Институт за човекови права
www.ihr.org.mk
ihr@ihr.org.mk

Контакт адреса:
бул. Партизански одреди бр. 23/1-5
Скопје, 1000, Северна Македонија

Скопје, јуни 2023 година

Написите се авторски трудови и не секогаш ги изразуваат ставовите на Институтот за човекови права. Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде пренесуван, копиран или објавуван без согласност на издавачот.

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

Едиторијал 4

СЕТ ОД ЧОВЕКОВИ ПРАВА: ОД ИДЕЈА ДО СТВАРНОСТ
– Ѓорѓи Тоновски 5

ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧЕН АСПЕКТ НА ПОСТАПКАТА ПО ПРЕТХОДНО ОДЛУЧУВАЊЕ ПРЕД СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
– Давид Неделков 11

THEORETICAL AND PRACTICAL ASPECTS OF THE PRELIMINARY RULING PROCEDURE BEFORE THE COURT OF JUSTICE OF THE EUROPEAN UNION
– David Nedelkov 18

УЛОГАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО РЕГИОНАЛНАТА ЗАШТИТА НА БЕГАЛЦИТЕ
- Христина Балканов 24

НЕПРИМЕНУВАЊЕТО НА ПРЕСУДАТА „МИЛАДИНОВ И ДРУГИ ПРОТИВ МАКЕДОНИЈА“ ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА
- Јанаки Митровски 31

ПРАВОТО НА БРАК ВО ПРАКСАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
- Наташа Најденова – Левиќ 38

УЛОГАТА НА КОМУНИКАЦИЈАТА ВО ПРОМОВИРАЊЕТО НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ВО ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- Хава Мустафа 46

THE ROLE OF COMMUNICATION IN PROMOTING HUMAN RIGHTS AND THE RULE OF LAW IN NORTH MACEDONIA
- Hava Mustafa 51

ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА „ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО“
- Томе Делов 55

ПРАВАТА НА ОБВИНЕТИОТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА СПОГОДУВАЊЕ
- Марија Гроздановска 64

ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ОСОМНИЧЕН ВО ПОЛИЦИСКА ПОСТАПКА
- Томе Делов 70

ПРАВНАТА ДРЖАВА ЗАГУБЕНА ВО ЛАВИРИНТИТЕ НА ПОЛИТИКАТА, ПАРТОКРАТИЈАТА, ПАРАГРАФИТЕ, ПРАВОСУДСТВОТО И ПРОТЕКЦИОНИЗМОТ
- Манчо Митевски 77

Почитувани,

Човековите права претставуваат неисцрпна тема за истражување, анализа и пишување. Потребата од нивна заштита, промовирање и унапредување ги прави неопходни во правниот систем на една демократска држава. Тие секогаш треба да бидат во симбиоза со владеење на правото, креирање на силни и отчетни институции и доброто владеење и на тој начин да го покажуваат степенот на демократскиот развој на една држава.

Ова јунско издание на стручното списание „Правен дијалог" е посветено на различни теми кои ги гарантираат човековите права во граѓански и казнен контекст, на меѓународен и национален план. Ќе имате можност да прочитате и да дознаете повеќе за човековите права и нивното постоење од идеја до стварност, како и улогата на комуникацијата во промовирање на човековите права и владеење на правото. Од аспект на меѓународните судови, ќе се запознаете со постапката по претходно одлучување на Судот на правдата на Европската Унија како и правото на брак и непримената на пресудата Миладинов и други против Македонија на Европскиот суд за човекови права. Во однос на заштита на човековите права во казнен контекст, имате можност да се запознаете со етичкиот кодекс на Јавното обвинителство, правата на обвинетиот во постапката за спогодување и правото на информирање на осомничено лице во полициска постапка. На крај, ќе имате можност да прочитате текст кој ги обработува состојбите поврзани со правната држава и правосудството изгубени во лавиринтите на политиката, партократијата и протекционизмот.

Овој месец ја одбележуваме четиринаесеттата годишнина од основањето на Институтот за човекови права. Како и досега, продолжуваме да дејствуваме во насока на промовирање и заштита на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите поврзани со владеење на правото и заштита на човековите права.

Почитувани читатели и автори, се надеваме дека содржините на ова издание на „Правен дијалог", досега најбројно по објавени трудови, ќе го привлечат Вашето внимание и ќе ве мотивираат да истражувате, анализирате и пишувате на теми поврзани со владеење на правото и почитување на човековите права.

Заменик на главен и одговорен уредник,
д-р Весна Стефановска

СЕТ ОД ЧОВЕКОВИ ПРАВА: ОД ИДЕЈА ДО СТВАРНОСТ

Сетот од човекови права ќе се проширува и продлабочува во квантитет и квалитет и ќе станува сè поголем и позначаен двигател и промотор на остварувањето на улогата на човекот, како горд и достоинствен градител и поддржувач на новиот лик на идната социјална заедница која ќе биде адаптирана кон креацијата, визијата и новите потреби и амбиции на „очовечениот човек“ (Мито Хаџивасилев Јасмин), односно на Марксовата тнр. „тотална личност”. Тоа е идното хуманизирано општество, во кое „слободата на единката се простира до таму до каде што нема да ја загрозува слободата на другите едници”

ЃОРЃИ ТОНОВСКИ

АПСТРАКТ

Човековите права (и слободи) се ексклузивно социјална категорија. Како феномен, тие се однесуваат на една од најзначајните „алатки" со кои човечкото суштество, како homo sapiens, ги остварува своите социјални ангажмани. Човековите права се општествено легитимирани начини со кои човекот се стекнува со слобода и права за своите социјални активности, креации и визии. Човековите права придонесуваат за остварување на егзистенцијата на општествено-прифатлив и прогресивно-позитивен начин, во услови на хуманизирани околности на заедницата. Човековите права (и слободи) се социјален феномен. Тие егзистираат во определен општествен простор и во определен социјален амбиент. Квалитетот и опсегот на човековите права зависи од квалитетот и зрелоста на низа елементи кои го определуваат и сочинуваат овој простор и овој амбиент. При тоа, тие, согласно со општествените законитости, стекнуваат определени специфики и карактеристики и извршуваат свои препознатливи функции во социјалното битисување на луѓето. Детектирањето и анализата на суштината на овој социјален феномен, во овие негови аспекти, е предмет на овој труд. При тоа, интенција на текстов е тој да придонесе во натамошното продлабочено спознавање на овој толку значаен социјален феномен.

Клучни зборови: *човекови права, општество, историски развој, интегритет, персоналитет*

ВОВЕД

Проблематиката на човековите права и слободи веројатно е една од најдискутираните, но и најконтроверзните тематики во современово општество. Постојат многубројни, па и дијаметрално спротивставени теоретски и практично-политички теоретски ставови и практики околу тоа дали човековите права се реален дел од човековиот персоналитет и идентитет на единките, групите и колективитетите во меѓународната заедница или се само измислена интелектуално-академска категорија, без вистинска содржина. Дури и при класификацијата на општествените уредувања и нивните системи сетот од човекови права се прифаќа или отфрла како критериум на нивните квалитети. Сепак, сознајниот успешен продор на социјалните науки, на научно-технолошкиот развој и доминацијата на либерално-демократските идеи и практики, во современиов свет, го потрдуваат ставот дека современиот човек (заедницата на луѓето) не би бил достоинствен и горд носител на општествените збиднувања и на развојот, без „наметката" сочинета од сетот од човекови права и слободи. Овој сет е легитимација на човекот во социјалната и објективната реалност и е негова ексклузивна сопственост. Терминот човекови права ги навестува и нивната природа и нивниот извор: тие се права што некој ги има само затоа што е човек. Нив ги имаат сите човечки суштества, независно од правата и должностите што поединците можат (или не можат) да ги имаат како граѓани, членови на семејства, работници или како припадници на која било јавна или приватна организација или здружение. Тие се универзални права. Ако ги имаат сите човечки суштества само поради тоа што се луѓе, тогаш сите ги имаат човековите права подеднакво. И бидејќи да се биде човек не може да се одрекне, изгуби или прокоцка, човековите права се неотуѓиви. Дури и најсуровиот мачител и најунижената жртва се` уште се човечки суштества. Во практиката, не сите луѓе ги уживаат сите свои човекови права, а и не подеднакво. Сепак, сите човечки суштества ги имаат истите човекови права и ги имаат подеднакво и непотуѓиво".[1]

1 Џон Донели – Меѓународни човекови права – МИ-АН, Скопје 2004, стр.27

СЕТ ОД ЧОВЕКОВИ ПРАВА: ОД ИДЕЈА ДО СТВАРНОСТ

Сетот од човекови права не е изум само на модерните општества, туку тој има своја предисторија од антиката до денес. Почетоците на размислувањата за човековите права и слободи се среќаваат уште во античките дела што се занимавале со проблемите на човекот, неговата суштина, неговиот однос со другите луѓе, неговата позиција во заедницата, неговиот однос со природата, неговата етичко-морална димензија итн. Подоцна таквите идеи ги преземаат големите хуманисти од периодот на хуманизмот и ренесансата. Но, со оглед на степенот на развој на тие општества, тоа биле идеи кои не граделе заокружен сознанен систем, туку само сегменти од вкупното знаење, понекогаш дури и со идеалистички или утопистички предзнак. Сепак, нивната големина е во тоа што тие го подготвувале теренот за подлабоки и посериозни понирања во оваа материја и во зголемувањето на свесноста за суштинското значење на човековите права воопшто за човечкиот род. Ваквите интелектуални напори биле незаокружени сознајни целини за сетот од човекови права, пред сé, во сферата на контемплацијата и идеалистичката визија за „подоброто утре", односно за светот во кој би требало да се обезбедат услови за квалитетен живот на сите луѓе. Но, вредноста на овие учења и ставови, поврзани и со обидите да се објасни човековата природа, е непроценлива, од причини што големите умови го држеле актуелно знаењето за оваа материја и истражувале на кој начин, со какви организирани методи, низ кој систем на управување со општеството човекот ќе стигне до својата среќа и благосостојба, односно ќе стане средишна фигура на општествените простори. Со својот антропоцентричен пристап овие мислители го антиципирале и идниот комплексен сет од човекови права и слободи.

По Втората светска војна човековите права и слободи веќе стануваат предмет на серозни и обемни академски расправи и истражувања презентирани во бројни научни текстови. Тие стануваат дел од академскиот степен на едукација, дури и како посебна академска дисциплина. Очигледно, тоа се случува како резултат на созревањето на општите сознанија на homo sapiens за стварноста и за самиот себе, во што битно место имаат и човековите права.

„Квантен скок" кон комплетната претстава, лик и третман на хуманото суштество од примат, роб и закрепостен селанец-кмет кон демиург (според Платон – Бог, креатор и двигател на материјалниот свет во универзумот) и актер на општествените процеси и односи, се случува во модерното општество. Тоа е периодот на класичниот капитализам, ренесансата и хуманизмот, како големи граничници кои силно ја сменија перцепцијата за луѓето и за нивното место во општествата. Тоа се сé уште недозреани идеи (на пример, малите права и слободи што ги добија работниците на стартот на капиталистичкиот начин на производство), но кои, сепак, иницираат сериозни академски расправи за подоцнежната афирмација на идејата за човекот - како двигател на натамошните промени во својата животна област.

Човековите права се „едно од чудата на модерното општество". Тие се резултат на промените што настанале во општествениот простор и во социјалниот амбиент на капитализмот и новиот начин на производство кои новото општествено уредување ги инјектирало во новите општествени односи - прво низ европскиот континент, а потоа и ширум светот. Паралелно со овие промени течел и тнр. процес на хуманизмот, кој се поистоветувал со инсистирањето за нова позиција на човекот и ново промислување за неговата улога во постоењето и функционирањето на цивилизацијата.

Културно-технолошките и цивилизациските поместувања во однос на производството и на интелектуалното созревање на луѓето го актуелизирале прашањето: На кој начин да се овозможи процес за јакнење на интегритетот и индивидуализацијата на персоналитетот на „човечкиот ресурс“, како суштина и демиург на артифицираната социјална заедница на планетата Земја’?. Одговорот на ова прашање бил најден во сетот од човекови права. Конституирањето на ООН и донесувањето на нејзината Декларација за човековите права ги задолжиле земјите во светот да ги насочат своите академски напори кон менување на нивните општествени прилики и на социјалниот амбиент за воспоставување, почитување и заштита на сетот од човекови права.[2]

Македонската држава е потписник на Декларацијата за човековите права и на други значајни документи од оваа сфера и е активен актер во одредувањето на нивната „судбина” во општествените релации на светскиот простор. Со Декларацијата и другите акти всушност се воспостави комплексот на меѓународните човекови права.[3]

СЕТ ОД ЧОВЕКОВИ ПРАВА: ОБЕЛЕЖЈЕ НА ХУМАНОТО СУШТЕСТВО

Две значења го идентификуваат феноменот човекови права. Прво, тоа е натуралниот момент, односно фактот дека човекот е натурално био-физиолошко суштество кое во своето егзистирање сé уште носи остатоци и импакт од анималниот свет. Второ, тоа е социјалниот момент, односно фактот дека таквото суштество, со текот на еволуцијата, гради своја специфична артифицирана социјална средина во која постојат правила на организирање на односите, при што, со своето дејствување во заедницата, тој надградува сет од човекови права со кои го обезбедува своето достоинство и гордост како свесно, разумно, хумано, генеричко суштество и социјална хуманизирана индивидуа.

Овој сет од човекови права има социјално потекло, како резултат на развојот и зреењето на хуманизацијата и цивилизацијата на човечкото општество. При тоа, човековите права се однесуваат истовремено на релацијата и со социјалните факти, но и со факти кои имаат натурална суштина, а сепак се од исклучителна важност за човештвото. На пример, нема здрава животна средина без правото на луѓето на здрава животна средина, вода, воздух т.е. без природата, но исто така здравата животна средина е услов за нормално остварување на човековите права во социјалниот амбиент. Единството од здравата животна средина и ефикасните човекови права го чинат возможен и одржлив прогресивниот натамошен развој на човековата заедница, како и светлата иднина на планетата Земја.

Сетот од човекови права наликува на оклоп, на штитник, на бариера за заштита на целокипниот човеков интегритет од орканските напади кои секојдневно кон него ги испраќа суровата реалност.

---

2 Универзална декларација на човековите права *(подоцна и Европската конвенција за човекови права)* поаѓа од начелото дека „сите луѓе се раѓаат слободни и рамноправни во достоинството и во правата” и со тоа децидно го промовира антрополошкиот приод кон прашањето на човековите права особено во членовите 1 и 2: Член 1 Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се обдарени со разум и совест и треба да се однесуваат еден кон друг во духот на општо човечката припадност. Член 2 Сите права и слободи наведени во оваа Декларација им припаѓаат на сите луѓе, без оглед на нивните разлики, како што се: раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, сопственост, раѓање, или друг статус. Во првите децении на 21 век се афирмира и прашањето на „сексуалната ориентација” *(и правото на евтаназија)*.

3 Види повеќе: Џон Донели – Меѓународни човекови права – МИ-АН, Скопје, 2004

Овој сет го овозможува и го заштитува човековиот интегритет во суштината на човековиот хуман идентитет и физичка и духовна комплетност низ елементите на достоинство, гордост и креација на човечката индивидуалност, персоналитет и генеричка суштина во заедницата на еднаквите хумани суштества.[4]

Сетот од човекови права е рамката во која и врз која почиваат елементите и можностите за функционирање и градење на човековиот персоналитет и социјална судбина на човечките суштества. Од квалитетот на оваа рамка зависи и квалитетот на целокупните социјални односи во општеството.

СЕТ ОД ЧОВЕКОВИ ПРАВА: СОЦИЈАЛНИ СПЕЦИФИКИ И ФУНКЦИИ

Сетот (збир, целина) од човекови права и слободи е своевиден „сертификат" кој се стекнува со самото раѓање, од моментот кога се станува полноправен член на хуманата заедница. и тој почива врз следниве постулати:

- Сетот од човекови права е комплет од права кои им припаѓаат на луѓето кои се еднакви меѓу себе и кои се стекнати со самото раѓање. Правата се неделиви, непреносливи меѓу единките (секој е сопственик на својот сет) и се универзални (важат за целиот човечки род).
- Сетот е во функција на обезбедување и чување на достоинството, слободата, гордоста и социјалната еднаквост на човечките суштества.
- Сетот од човекови права и слободи му припаѓа на животот - тој престанува да важи во темнините на ништавилото.
- Со неговото здобивање се поставуваат темелите на хуманиот карактер на новиот припадник на заедницата.
- Со него се стекнуваат услови човекот да се здобие со способноста да го гради и чува својот персоналитет и идентитет.
- Сетот човекови права и слободи го помага и го одржува интегритетот и просперитетот на човековото битие.
- Сетот човекови права и слободи го покажува „вистинското лице" на општественото уредување во кое се одвиваат животните и социјалниите процеси на определена географско-животна територија.
- Сетот од човекови права и слободи станува неотуѓива и непреносliва сопственост на новороденчето кое како сопственик, заедно со своите права и слободи, потоа станува дел од социјалните актери на управувањето со општеството (како и со другите единки, групите, колективитетите).
- Сетот од човекови права и слободи го покажува степенот на хуманизам и цивилизираност на заедницата во која доаѓа новороденчето.
- Сетот од човекови права и слободи е присутен во сите социјални активности на хуманото суштество во сите сфери на општествениот простор.
- Само хуманите луѓе го доживуваат сетот од човекови права и слободи како своја потреба. Злобните луѓе го доживуваат како злостор.
- Сетот од човекови права и слободи придонесува за унапредување и усовршување на човековиот живот, за квалитетите на неговото битие.
- Сетот од човекови права и слободи е механизам со кој постепено се надминуваат елементите на алиенација во општествата.

4 Види повеќе: Фрчковски, Љ.Д. - Меѓународно право за правата на човекот - Магор, Скопје 2014

- Вистинска природна целина на сетот од човекови права и слободи е целокупноста, односно негова задача е да ги покрива сите социјални активности на луѓето во нивните помали или поголеми животни средини.

ЗАКЛУЧОК

Сетот од човекови права дефинитивно е „хит“ на социјалното функционирање на современиот човек и неговите заедници ширум светот. Со помали или поголеми успеси тој станува карактеристика на нивните општествени уредувања.[5] Но, неговата успешна примена во практиката сè уште се соочува со бројни предизвици кои го забавуваат неговото имплементирање, а тоа налага натамошна акција на свесните прогресивни општествени субјекти на овој план. Може да се каже дека иднината му припаѓа на сетот од човекови права во развојната траекторија на општеството.

Голем дел од сегашните социијални пречки што го забавуваат суштинското имплементирање и збогатување на сетот од човекови права ќе се надминуваат со новите степени од цивилизацијата. Меѓутоа, тешко е да се прогнозира и да се дефинира какви содржини и квалитети ќе добиваат новите форми на сетот од човекови права во идните времиња и во новите променети општествени односи, односно што ќе се случува во иднина со човековите права. Сигурно е дека тие ќе ја делат судбината на самото човечко суштество, бидејќи се негов составен, вроден и неотуѓив дел со кој луѓето ги обезбедуваат двете битни димензии на својот персоналитет: достоинството и гордоста во заедницата на која припаѓаат.

Човечкото битие не е непроменлива категорија. Со своето слободно дејствување и визија човекот го менува и ликот и катактерот на општеството и на сопственото битие. Во натамошниот развој на општеството тој ќе освојува сé понови простори во рамки на општеството. Овие новини ќе бидат истовремено резултат на неговата креација и визија, но и последица на новите случувања и квалитети во социјалната материја.

Пред сетот од човекови права и слободи, во вакви услови, се отвараат нови предизвици да се прилагодуваат и да бидат во функција на моќта на хуманото суштество, т.е човекот да се прилагодува, но и да ги води новите социјални односи и процеси. Сетот од човекови права ќе се проширува и продлабочува во квантитет и квалитет и ќе станува сé поголем и позначаен двигател и промотор на остварувањето на улогата на човекот како горд и достоинствен градител и поддржувач на новиот лик на идната социјална заедница која ќе биде адаптирана кон креацијата, визијата и новите потреби и амбиции на „очовечениот човек“ (Мито Хаџивасилев Јасмин), односно на Марксовата тнр. „тотална личност”. Тоа е идното хуманизирано општество во кое „слободата на единката се простира до таму до каде што нема да ја загрозува слободата на другите едники“. Тоа е време кога ќе се дефинира фактот дека меѓу човекот и човековите права има знак на равенство, односно тоа е време кога персоналитетот и позицијата на поединецот во општеството се зависни од нивото и квалитетот на човековите права кои тој ги ужива, ги носи и со кои се користи.

(Авторот е универзитетски професор)

5 Права и слободи на човекот и граѓанинот — основните критериуми што ја отсликуваат улогата на човекот и граѓанинот во едно општество. Истовремено тие се најсниот показател за карактерот на власта. Колку се понапредни тие, толку повеќе ја стеснуваат можноста на власта (властодршците) за злоупотреби и арбитрарност кон правата и слободите на човекот.

ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧЕН АСПЕКТ НА ПОСТАПКАТА ПО ПРЕТХОДНО ОДЛУЧУВАЊЕ ПРЕД СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Зачетоците на постапката „по претходно одлучување“ датираат уште од педесетите години на минатиот век, а истата е радикална новост во контекст на интернационалната организација. Низ годините се установи како круцијален дел од правниот поредок и судскиот систем на ЕУ. Постапката „по претходно одлучување“ се одвива пред Судот на правдата на Европската Унија, па оттука влијанието на неговите пресуди во постапката „по претходно одлучување“ се од есенцијално значење за националните судови на државите-членки, со единствена цел да се воспостави законска рамка која би била компатибилна и која во потполност би соодвествувала со правото на ЕУ.

ДАВИД НЕДЕЛКОВ

АПСТРАКТ

Судот на правдата на Европската Унија *(во понатамошниот текст СПЕУ)*[1] е воспоставен со Договор за формирање на Европска заедница за јаглен и челик, потпишан во Париз на 18 април 1951 година *(стапил во сила 1952 година)*, познат како 'Париски договор',кој претставува и една од седумте институции на Европската Унија (ЕУ). Главна задача на СПЕУ е да го спроведува и толкува правото на ЕУ, поточно да го воедначи преку својата судска практика во сите држави-членки. Оттука произлегува и носечката улога на функцијата на Судот и истовремено е „создавач и чувар" на автономијата на комунитарното право. Во смисла на член 19 од Договорот на Европската Унија *(во понатамошниот текст ДЕУ)*, СПЕУ е составен од СПЕУ и Генерален суд. Првиот е составен од по еден судија од секоја држава-членка на ЕУ, со мандат од шест години, со можност за повторен избор, а од редот на судиите се избира и претседател, со мандат од три години, кој има право на повторен избор. Во работата на судиите се вклучени и т.н. генерални адвокати, чија задача е да ги разгледуваат предметите и да дадат мислење, кое, иако не е обврзувачко за судиите, сепак има одредено правно значење и тежина.

Предмет на анализа во конкретниов научен труд ќе биде постапката „по претходно одлучување", предвидена во член 19, став 3, точка (б) од ДЕУ, и какво влијание имаат одлуките на СПЕУ, донесени како резултат на оваа постапка врз националните судови во државите-членки. Оваа постапка е значајна за Република Северна Македонија бидејќи има за цел востановување на европското право и вредности, доколку се земат предвид аспирациите за влез во европското семејство.

I. ОПШТО ЗА ПОСТАПКАТА ПО ПРЕТХОДНО ОДЛУЧУВАЊЕ

Согласно со горенаведената одредба, СПЕУ дава прелиминарни одлуки по барање на судови или трибунали на земјите-членки околу толкувањето на законодавството на ЕУ или за важноста на актите донесени од институциите. Всушност, барање за ваква постапка националниот суд поднесува доколку е несигурен во толкувањето или во валидноста на некој акт донесен од институциите на ЕУ. Основните одредби во поглед на постапката се содржани во член 267 од Договорот за функционирање на Европската Унија, (ДФЕУ) во кој експлицитно е наведено дека СПЕУ е надлежен да донесува прелиминарни одлуки за толкување на договорите и валидноста и толкувањето на актите на институциите, телата, канцелариите или агенциите на Унијата. Овој вид на постапка веројатно е од најголемо значење за правото на ЕУ, доколку се има предвид дека со користењето на овој институт, односно низ судската практика, се воспоставени принципите на директен ефект и супремација[2] кои му овозможија на СПЕУ да го има последниот збор кога се работи за толкување на правото на ЕУ.[3] Бројките од последниот достапен извештај за работата на СПЕУ, од 2021 година[4], покажуваат дека од вкупно 838 поднесени случаи, 567 се однесувале на постапката по претходно одлучување, што дополнително ја истакнуваат важноста и влијанието на оваа постапка врз одлуките на националните судови.

1 Official site of Court of Justice of the European Union, ***https://curia.europa.eu/jcms/jcms/j_6/en/***

2 Dinka Sago, „Postupak prethodnog odlucivanja pred Europskim sudom – Problemi I moguca rjesenja" [2015] vol.36 Zbornik Pravnog fakulteta Sveucilista u Rijeci 381

3 Ibid

4 Annual report 2021, The year in review, p.72, ***https://curia.europa.eu/panorama/2021/en/index.html***

II. УЛОГА И ОБВРСКИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ СУДОВИ

Како што е напомнато и во точка I, националните судови поднесуваат барање за постапка по претходно одлучување кога е потребно толкување или оценување на валидноста на актите на ЕУ. Во ставов 2 и 3 од член 267 од ДФЕУ подетално е наведено кој може да се обрати за вакво прашање, па така, согласно со став 2, кој било суд може да поднесе „прашање за претходно одлучување" до СПЕУ, додека во став 3 е регулирано дека судот на државата-членка мора да го проследи „прашањето за претходно одлучување" во случај кога против неговата одлука нема можност да се поднесе правен лек. Ова практично значи дека, доколку се појави ваква дилема пред суд или пред трибунал, кој не е од последна инстанца, и против чија одлука може да се изјави жалба, тој има дискрециono право да одлучи дали ќе го постави прашањето пред СПЕУ, а во спротивно таквото прашање мора да се проследи до СПЕУ. Во врска со последно наведеново, СПЕУ заземал став дека прашањето по однос на тоа кој суд ќе се смета како последна инстанца мора да се реши во рамки на домашното законодавство на државата-членка и дека СПЕУ не смее да се меша во таквото уредување *(Piercarlo Bozzetti)*.[5]

Сепак, СПЕУ, низ неговата долгогодишна практика, воспоставил критериуми кои мора да ги исполни одредено тело за да се смета за национален суд или трибунал, односно тоа треба: да е основано со закон; да е со постојан карактер; да има задолжителна надлежност; постапката да произведува inter partes дејство; да постапува според правото и да е независно *(Dorsch Consult IngenieurgesellschaftmbH)*.[6] Понатаму, во предметот Broekmeulen v. Huisarts Registratie Commissie[7], СПЕУ го препознал Жалбениот комитет при Кралското здружение како „суд или трибунал", иако тој формално не бил регулиран како таков согласно со холандското законодавство. СПЕУ ова го заклучил со оглед на фактот дека во составот на Жалбениот комитет како членови биле вклучени претставници на јавната власт од Холандија, дека споровите ги решавал во сообразност со принципот на контрадикторност, како и на фактот дека одлуките на Комитетот никогаш не биле оспорувани пред редовните судови. Оттука, може да се заклучи дека за прашањето дали едно тело може да се признае како „суд или трибунал" одлучува СПЕУ, во согласност со правото на ЕУ, и не е врзан со формалниот назив на телото и со неговото признавање во националната легислатива.

Од особена важност е да се истакне дека националните судови постапката „за претходно одлучување" ја покренуваат по службена должност.[8] До ваков заклучок дошол и СПЕУ во предметот Rheinmuhlen-Dusseldorf v Einfuhr-und Vorratsstelle fur Getreide und Futtermittel[9], бидејќи сметал дека странките не се обврзани да поднесат приговор или предлог за покренување постапка „по претходно одлучување". Ова, пак, кореспондира со нивната улога и обврска да му даваат примат на правото на ЕУ, наспроти на националното право, секогаш кога произлегува конфликт меѓу двете права. Затоа може да се прифати ставот дека оваа постапка, на некој начин, претставува прикриена судска контрола.[10]

5 Case 179/84 Piercarlo Bozzetti v InvernizziSpA and Ministero del Tesoro [1985] ECR 02301

6 Case C-54/96, Dorsch Consult Ingenieurgesellschaft mbH v Bundesbaugesellschaft Berlin mbH [1997] ECR I-04961

7 Case 246/80 Broekmeulen v. Huisarts Registratie Commissie [1981] ECR 02311

8 Dinka Sago, „Postupak prethodnog odlucivanja pred Europskim sudom – Problemi I moguca rjesenja" [2015] vol.36 Zbornik Pravnog fakulteta Sveucilista u Rijeci 381

9 Case 166-73 Rheinmühlen-Düsseldorf v Einfuhr- und Vorratsstelle für Getreide und Futtermittel [1974] ECR00033

10 D.SAGO, „Postupak prethodnog odlucivanja pred Europskim sudom", Zb. Prav. Fak. Sveuc. Rij. (1991) v.36, br.1, 383 (2015)

Како и да е, постојат одредени прашања за кои националните судови се обврзани да поднесат барање за постапка „по претходно одлучување“. СПЕУ е на став дека, кога националниот суд се двоуми околу валидноста на актот на ЕУ, не може сам да одлучува и мора да поднесе барање за постапка „по претходно одлучување“ *(Foto-Frost)*.[11] Со оваа пресуда СПЕУ направил преседан и истовремено воспоставил ексклузивна надлежност во поглед на валидноста на актите кои произлегуваат од институциите на ЕУ, а се‘ со цел да се создаде унифицирана контрола на правото на ЕУ.

Но, и покрај наведеново, СПЕУ воспоставил практика и за одредени околности во кои највисоките национални судови се ослободени од обврската да поставуваат прашања во постапка „на претходно одлучување“. Ставот на СПЕУ е дека националните судови не се обврзани да поставуваат прашања кога правилно го толкуваат правото на ЕУ, односно кога е очигледно дека не постои основан сомнеж во поглед на решението по даден предмет *(Cilfit)*,[12] или кога се работи за идентични прашања кои се претходно решени во иста постапка *(Da Costa)*,[13] но и кога прашањето било претходно решено во некој друг вид постапка, различна од постапката „по претходно одлучување“ *(Cilfit)*.[14] Со ова како и самиот СПЕУ да ги прагматизирал условите за постапката, ако се има предвид дека должината на една постапка, пред СПЕУ, во 2021 година, траела, во просек, 16,6 месеци.[15]

На крајот, сметам за неопходно да се спомене и принципот на општа одговорност *(Brasserie du pecheur and Factortame)*[16] кој ја утврдува одговорноста на државата-членка за надомест на штета на поединци во случај на повреда на правото на ЕУ, како и одговорноста на националниот суд во случај на намерно занемарување на комунитарното право *(Gerhard Kobler)*.[17]

III. ПОСТАПКАТА „ПО ПРЕТХОДНО ОДЛУЧУВАЊЕ“ ПРЕД СУДОТ НА ПРАВДАТА

Постапката „по претходно одлучување“ започнува кога од страна на националниот суд ќе се поднесе барање по одредено претходно прашање. Со оглед на тоа дека во постапката не постојат странки во вообичаена смисла на зборот, ова се смета за формален почеток на постапката. Барањето се поднесува на службениот јазик од националниот суд на кој се одвива целокупната комуникација. Во член 23 од Статутот на СПЕУ подробно е опишан понатамошниот тек на постапката, па така, откако барањето ќе биде примено во СПЕУ, се преведува на службените јазици на ЕУ и од страна на секретарот на СПЕУ се доставува до странките во постапката пред националниот суд, до државата-членка, до Комисијата и до институцијата, како и до службата или агенцијата на ЕУ што го донела актот, чијашто важност или толкување се оспоруваат. Тие пак имаат можност, во рок од два месеца од ваквото известување, да поднесат изјави за предметот или писмени забелешки до СПЕУ, согласно со став 2 од истиот член. Член 20 од Статутот на СПЕУ предвидува дека постапката се состои од писмена постапка *(соопштување до страните*

11 Case 314/85 Foto-Frost v Hauptzollamt Lubeck – Ost [1987] ECR 04199

12 Case 283/81 Srl CILFIT and Lanificio di Gavardo Spa v Ministry of Health [1982] ECR 03415

13 Joint cases 28 to 30-62 Da Costa en Schaake NV, Jacob Meijer NV, Hoechst-Holland NV v Netherlands Inland Revenue Administration [1963] ESE 00031

14 Case 283/81 Srl CILFIT and Lanificio di Gavardo Spa v Ministry of Health [1982] ECR 03415

15 Annual report 2021, The year in review, p.73, ***https://curia.europa.eu/panorama/2021/en/index.html***

16 Joined Cases C-46/93 and C-48/93 Brasserie du pecheur and Factortame [1996] ECR I-01029

17 Case C-224/01 Gerhard Kobler v Republik Osterreich [2003] ECR I-10239

и институциите на ЕУ чиишто одлуки се оспоруваат, од тужбени барања, изјави за предметот, одговори на тужба, забелешки и реплики, како и од сите докази и документи во поддршка на тоа или заверени копии) и устен дел *(читање на извештајот што е поднесен од страна на судијата-известител, сослушување од страна на СПЕУ на застапниците, советниците и адвокатите, како и на мислењето на генералниот адвокат)*.

Времетраењето на постапката е предвидено како експедитивна, т.е забрзана или итна и скратена постапка. Забрзаната постапка претставува новина воведена со Одлуката 2008/79/ЕЗ со која, практично е направена измена на Статутот на СПЕУ и е вметнат член 23а кој ја предвидува наведената постапка. Специфично за забрзаната постапка е дека барање за прелиминарна одлука може да се упати само во врска со областите на слободата, безбедноста и правдата. Првата пресуда, донесена во итна постапка, е онаа за Lietuvos Auksciausiasis Teismas (C-195/08), на иницијатива на Врховниот суд на Литванија во врска со толкување на Уредбата Брисел IIa.[18] Скратената постапка, пак, предвидена е со член 104а од Деловникот за работа на СПЕУ, кој нагласува дека за да се спроведе ваква постапка потребно е барање од националниот суд, по кое одлучува претседателот на СПЕУ и се дозволува само ако се работи за прашање од исклучителна итност.

Во конкретниве случаи СПЕУ ја „игра" улогата на толкувач на правото на ЕУ, па аналогно на тоа изготвува писмен отправок, односно мериторно ги носи одлуките во форма на декларативна пресуда, а во спротивно, доколку наведениот суд веќе претходно се произнел по однос на поднесеното прашање, поконкретно во случај кога претходно донел одлука, издава обичен налог кој упатува на претходната/ите пресуда/и.

Значи, потребно е националните судови да бидат внимателни и концизни во поглед на формулацијата на прашањата, со оглед на високите критериуми кои ги има воспоставено СПЕУ. Ова произлегува од ограничувањата кои СПЕУ ги има наметнато во текот на сопствената практика, дека ќе го отфрли барањето и нема да донесе одлука во постапка по претходно одлучување доколку националниот суд, во барањето, не ги опишал доволно јасно фактите на случајот и релевантното национално право *(Bacardi-Martini SAS)*.[19] Националниот суд поставил хипотетичко прашање *(Pasquale Foglia)*,[20] кога националниот суд побарал интерпретирање кое не е поврзано со фактите на случајот *(Aziz Melki and Selim Abdeli)*[21] или го прогласил за недопуштено, кога прашањето кое го поставил националниот суд не е објективно потребно за решавање на спорот *(Prokurator Generalny)*.[22] Во конкретниов предмет, СПЕУ барањето за донесување претходна одлука го прогласил за недопуштено, со образложение дека прашањето кое може да го постави националниот суд мора да биде објективно потребно за решавање на спорот. Притоа, воглавно, соработката меѓу СПЕУ и националните судови, воспоставена со член 267 од ДФЕУ, претпоставува дека судот што го поднел барањето е надлежен да одлучува за главната работа во постапката.

18 Dinka Sago, „Postupak prethodnog odlucivanja pred Europskim sudom – Problemi I moguca rjesenja" [2015] vol.36 Zbornik Pravnog fakulteta Sveucilista u Rijeci 381

19 Case C-318/00 Bacardi-Martini SAS and Cellier des Dauphinis v Newcastle United Football Company Ltd. [2003] ECR I-00905

20 Case 244/80 Pasquale Foglia v Mariella Novello [1981] ECR 03045

21 Joint cases C-188/10 and C-189/10 Aziz Melki and Selim Abdeli [2010] CR general

22 Case C-508/19 M.F. v J.M. [2022]

IV. СУДСКА ПРАКТИКА

Пример од судската практика на СПЕУ, во која е поставено претходно прашање, а кое ја опфаќа областа на заштита на правата од интелектуална сопственост во дигиталното окпружување во ЕУ, е случајот GS Media BV v Sanoma Media Netherlands BV, Playboy Enterprises International Inc., Britt Geertruida Dekker.[23] Предмет на случајот е толкување на член 3, став 1 од Директивата 2001/29/ЕС на Европскиот парламент и Советот, од 22 мај 2001 година, за хармонизација на одредени аспекти од авторското право и сродните права во информатичкото општество. Во посочениот член експлицитно се наведува дека „земјите-членки ќе им обезбедат на авторите ексклузивно право да одобрат или да забранат какво било соопштување/објавување во јавноста *(communication to the public)* на нивните дела, преку жичен и безжичен начин, вклучувајќи го и ставањето на располагање на јавноста на нивните дела, на начин на кој јавноста може да пристапи до делата од место и време индивидуално одбрано од нив". Поконкретно, барањето до СПЕУ е упатено од страна на Врховниот суд на Холандија, а спорот на случајот е објавување на GeenStijl.nl, вебсајт со кој управува GS Media, на хиперлинкови[24] кои водат до други сајтови, дозволувајќи со тоа да протечат фотографии од господинот Декер, направени за списанието „Playboy", а притоа за тоа немал дозвола од носителот на авторското право.

Мислењето на генералниот правобранител Мелкиор Вателет во однос на предметот, кое во одредена смисла е контрадикторно, е објавено на 7 април 2016 година.[25] Според него, постирањето хиперлинкови, кои водат до веб-сајт кој објавил фотографии без авторизација, само по себе не конституира нарушување на авторското право. Поттикот на лицето кое го објавило хиперлинкот и фактот дека истото знаело или би требало да знае дека иницијалната комуникација на сликите на други сајтови не била авторизирана, не се релевантени". Во мислењето се потенцира и тоа дека хиперлинковите, кои водат до заштитени дела кои се непречено достапни на друг сајт, не можат да се класифицираат како „акт на комуникација", во смисла на споменатата Директива. Правобранителот образложува дека неговото мислење е базирано врз претпоставката дека сликите биле со „слободен пристап" за сите интернет корисници на сајтови на трети лица. Правобранителот изнел заклучок дека интернет корисниците имаат недостаток од знаење и начин на верификација за тоа дали првичната комуникација со јавноста (првично ставање на располагање на јавноста) на заштитените дела кои се слободно достапни на интернет, се со, или без дозвола на носителот на авторското право. Во тој контекст е донесената пресуда од страна на СПЕУ.

Останува отворена претпоставката дека хиперлинковите што водат до веб-сајт кој објавил фотографии без авторизација, сама по себе не конституира нарушување на авторското право, па ентитетите кои нудат услуги на интернет се охрабрени да наоѓаат најразлични начини за заработка, промоција, популаризација и зголемено влијание со користење на хиперлинкови кои водат до нелегитимни сервери со краток рок на траење, наместо да го базираат својот бизнис-модел во кој ќе платат за авторските права и легално ќе може да ја постираат содржината на делото на

23 Case C-160/15 GS Media BV v Sanoma Media Netherlands BV, Playboy Enterprises International Inc., Britt Geertruida Dekker [2016] CR general

24 Hyperlink се однесува на податок кој читачот може директно да дојде до него преку кликање *(clicking)*. Ваквите линкови водат до целосни документи или до специфичен дел од документ

25 Мислење на Генералниот адвокат Мелкиор Вателет (07.04.2016 година), PRESS RELEASE NO 37/16, Luxembourg, According to Advocate General Wathelet, the posting of a hyperlink to a website which published photos without authorisation does not in itself constitute a copyright infringement (europa.eu)

сопствениот сајт. Во ваков случај, корисниците кои имаат авторски права се обесхрабрени да ги направат достапни за општата интернет јавност.

V. ЗАКЛУЧОК

Зачетоците на постапката „по претходно одлучување“ датираат уште од педесетите години на минатиот век, а таа, воедно, е радикална новост во контекст на интернационалната организација. Низ годините се установи како круцијален дел од правниот поредок и судскиот систем на ЕУ. Добро познат факт е дека постапката „по претходно одлучување“ се одвива пред СПЕУ, па оттука влијанието на пресудите на СПЕУ во постапката ‘по претходно одлучување’ се од есенцијално значење за националните судови на државите-членки, со единствена цел да се воспостави законска рамка која би била компатибилна и во потполност би соодвествувала со правото на ЕУ. Задачата на СПЕУ е да даде правно толкување на комунитарното право, без притоа да се меша во конечната одлука која би била донесена од страна на националните судови. Аналогно на ова, може да се донесе заклучок дека, иако пресудите делуваат inter partes, за да би се оправдало постоењето и улогата на СПЕУ, сепак, преку создавањето на доктрините на „директен ефект“ и „супрематија“, имаат erga omnes дејство и се задолжителни за сите судови на државите-членки во ЕУ.

(Авторот е слушател на почетна обука во VIII генерација на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје)

THEORETICAL AND PRACTICAL ASPECTS OF THE PRELIMINARY RULING PROCEDURE BEFORE THE COURT OF JUSTICE OF THE EUROPEAN UNION

The beginnings of the procedure "preliminary ruling" date back to the 1950s and it is a radical innovation in the context of the international organization. Over the years, it has established itself as a crucial part of the legal order and judicial system of the EU. The procedure "preliminary ruling" takes place before the Court of Justice of the European Union, hence the influence of its judgments in the procedure "preliminary ruling" are of essential importance for the national courts of the member states, with the sole purpose of establishing a legal framework that would be compatible and fully in line with the EU law.

DAVID NEDELKOV

ABSTRACT

The Court of Justice of the European Union (CJEU)[1] was established with the Treaty for establishing the European Coal and Steel Community signed in Paris on 18 of April 1951 (in force from 1952) or more widely known as the Treaty of Paris and it's also one of European Union (EU) institutions. The main goal of CJEU is to interpret and apply the EU law in a uniform way in all member-states of EU, through its court practice. The leading role of judicial function of the Court is derived from this goal, as well as its role as a "creator and guardian" to the autonomy of the communitarian law. According to Article 19 of Treaty of European Union (TEU), CJEU is composed of CJEU and the General Court. The first one is composed of 27 judges (one judge from each member-state), who have a renewable term of six years, and the President, who is elected by the judges of the CJEU and serves a renewable term of three years. The Advocates General assists the CJEU in its work and their purpose is to study the cases and to give an opinion, which is not obligatory for the judges but nonetheless has a certain legal weight and importance.

The subject of analysis of this scientific work is the preliminary ruling procedure, provided in article 19 paragraph 3 point (b) of the TEU and the impact of CJEU decisions , which have been a result of this procedure, over the national courts of the member-states. This procedure is significant for the Republic of North Macedonia, taking into account its aspirations to become a member of the European family and to establish European laws and values within its own national system.

THE PRELIMINARY RULING PROCEDURE

According to article 19(3)(b) of the TEU, CJEU gives preliminary rulings in response to a request from a member state's court or tribunal to interpret EU law or the validity of an act reached by EU institutions. This kind of request is submitted when a national court is uncertain regarding the interpretation or validity of an act of some EU institutions. The main provisions concerning this procedure are provided in Article 267 of Treaty on the Functioning of the European Union (TFEU) where it is explicitly stated that CJEU "shall have jurisdiction to give preliminary rulings concerning the interpretation of the Treaties and the validity and interpretation of acts of the institutions, bodies, offices or agencies of the Union". Perhaps, this kind of procedure is of the utmost importance for the EU law, taking into account that by using this procedure, i.e. through the court practice, the principles of direct effect and supremacy[2] are established, which enable the CJEU to have the last word when it comes to the interpretation of the EU law.[3] The numbers in the last annual report regarding the work of the CJEU for 2021[4] show that 567 cases of the total 838 submitted cases were regarding the preliminary ruling procedure, which additionally stresses the importance and the impact of this procedure over the national court's decisions.

1 Official site of Court of Justice of the European Union, *https://curia.europa.eu/jcms/jcms/j_6/en/*

2 Dinka Sago, „Postupak prethodnog odlucivanja pred Europskim sudom – Problemi I moguca rjesenja" [2015] vol.36 Zbornik Pravnog fakulteta Sveucilista u Rijeci 381

3 Ibid

4 Annual report 2021, The year in review, p.72, *https://curia.europa.eu/panorama/2021/en/index.html*

THE ROLE AND THE OBLIGATIONS OF THE NATIONAL COURT

As it is mentioned in point II, the national courts make a request for a preliminary ruling procedure when an interpretation or a judgement of the validity of EU acts is needed. In paragraphs 2 and 3 of Article 267 of TFEU it is stated who can make such requests to the CJEU. According to paragraph 2, any court or tribunal can address a question to CJEU regarding a preliminary ruling, while paragraph 3 provides that a court of any Member State must request a preliminary ruling procedure if there is no possibility of appeal or other legal remedy against its decisions This means that if such a dilemma appears before a court or tribunal which is not the highest instance or there is no possibility of appeal or other legal remedy against its decisions, it is up to the court's discretion whether a question will be raised before CJEU. Regarding which court will be consider as a court of last instance, the CJEU took the opinion that this question must be solved by the national legislation of the Member States and the CJEU must not interfere (*Piercarlo Bozzetti).*[5] Nevertheless, through its years-long court practice, the CJEU has established certain criteria that must be fulfilled by a certain entity to be consider as a national court or tribunal, such as whether the body is established by law; whether it is permanent; whether its jurisdiction is compulsory; whether its procedure is *inter partes*; whether it applies rules of law and whether it is independent (*Dorsch Consult Ingenieurgesellschaft mbH).*[6] Furthermore, in the case *Broekmeulen v. Huisarts Registratie Commissie,*[7] CJEU recognized the Appeals committee as "court or tribunal", although formally it was not regulated as such according to the Dutch legislation. This conclusion was made because of the fact that some of the members in the Appeals Committee were appointed public Dutch officials, disputes were determined on adversarial principle and there was no right to appeal its decision. Therefore, it can be concluded that the CJEU deicides whether a body can be qualified as court or tribunal, in accordance with EU law, and it is not bound by the formal denomination of the body and its recognition in the national legislation.

It is important to note that a preliminary ruling procedure is brought by the national court ex officio[8]. CJEU concludes this in the case *Rheinmuhlen-Dusseldorf v Einfuhr-und Vorratsstelle fur Getreide und Futtermittel*[9] where it stated that the parties are not obligated to file an objection or request for preliminary ruling. This conclusion corresponds with the national courts' role and obligation to always give supremacy to the EU law over the national laws when conflict arises. Consequently, one can accept the opinion that this procedure, in some way, is a hidden judicial control.[10]

However, there are certain questions regarding which the national courts must file a request for a preliminary ruling procedure. The case *Foto-Fros*[11] points out the impossibility for a national court to decide on its own when a question of validity of EU law arises. In this kind of situation, the national court must submit a request for a preliminary ruling procedure. With this ruling, CJEU set a precedent and at

5 Case 179/84 *Piercarlo Bozzetti v InvernizziSpA and Ministero del Tesoro* [1985] ECR 02301

6 Case C-54/96, *Dorsch Consult Ingenieurgesellschaft mbH v Bundesbaugesellschaft Berlin mbH* [1997] ECR I-04961

7 Case 246/80 *Broekmeulen v. Huisarts Registratie Commissie* [1981] ECR 02311

8 Dinka Sago, „Postupak prethodnog odlucivanja pred Europskim sudom – Problemi I moguca rjesenja" [2015] vol.36 Zbornik Pravnog fakulteta Sveucilista u Rijeci 381

9 Case 166-73 *Rheinmühlen-Düsseldorf v Einfuhr- und Vorratsstelle für Getreide und Futtermittel* [1974] ECR 00033

10 Dinka Sago, „Postupak prethodnog odlucivanja pred Europskim sudom – Problemi I moguca rjesenja" [2015] vol.36 Zbornik Pravnog fakulteta Sveucilista u Rijeci 381

11 Case 314/85 *Foto-Frost v Hauptzollamt Lubeck – Ost* [1987] ECR 04199

the same time established exclusive jurisdiction regarding the validity of EU institutions' acts, with the purpose to create uniform control over the EU law.

Nevertheless, CJEU has also established practice that the national court of last instance, under certain conditions, are free from the obligation to pose questions for a preliminary ruling procedure. In CJEU's opinion, the national courts are not obligated to pose questions when they correctly interpret the EU law, when it is obvious there is no reasonable doubt regarding the solution of a certain case (*Cilfit)*[12] or when there are identical questions which have previously been solved in the same procedure (*Da Costa),*[13] but also when the question was previously resolved in a different kind of procedure (*Cilfit)*.[14] This should be of great importance for pragmatic requirements, taking into account the length of a single procedure before CJEU, which on average lasted 16,6 months in 2021.[15]

In the end, I consider it necessary to mention the principle of Member State liability (*Brasserie du pecheur and Factortame),*[16] which considers the liability of damages caused to individuals in case of an EU law breach and also the state liability for judicial breaches when alleged infringement occurs (*Gerhard Kobler)*.[17]

THE PRELIMINARY RULING PROCEDURE BEFORE THE COURT OF JUSTICE OF THE EUROPEAN UNION

The preliminary ruling procedure begins when the national court will submit a request for a certain preliminary question and this can be recognized as formal beginning considering there are no parties as usual. The request is submitted in the national court's official language, as well as the rest of the communication. The entire procedure is prescribed in Article 23 of the Statute of CJEU. After the request is received by the CJEU and it is translated in the EU official languages, the Registrar of CJEU delivers the request to the parties in the procedure before the national court, the Member State, the Commission and the institution, body or agency which adopted the act, whose validity or interpretation is disputed. The institution has a 2 months deadline since receiving the notice to file statements or written notes about the case to the CJEU, according to paragraph 2 of the Article mentioned above. In respect of Article 20 of the Statute of CJEU, the procedure before the CJEU shall consist of a written part (communication to the parties and to the EU institutions whose acts are being disputed, statements, defenses and observations, replies, if any, as well as all of the original supporting papers and documents or certified copies of them) and an oral part (reading of the report submitted by the judge and oral statements by the agents, advisers and lawyers and the Advocate General, as well as any witnesses and experts).

The duration of the procedure is defined as an expedited or accelerated *(urgent)* and shorten procedure. The accelerated procedure is a novelty, settled with the Council Decision 2008/79/EC of 20 December 2007 amending the Protocol on the Statute of the CJEU and is inserted in Article 23a. What is specific

12 Case 283/81 Srl CILFIT and Lanificio di Gavardo Spa v Ministry of Health [1982] ECR 03415

13 Joint cases 28 to 30-62 Da Costa en Schaake NV, Jacob Meijer NV, Hoechst-Holland NV v Netherlands Inland Revenue Administration [1963] ESE 00031

14 Case 283/81 Srl CILFIT and Lanificio di Gavardo Spa v Ministry of Health [1982] ECR 03415

15 Annual report 2021, The year in review, p.73, ***https://curia.europa.eu/panorama/2021/en/index.html***

16 Joined Cases C-46/93 and C-48/93 Brasserie du pecheur and Factortame [1996] ECR I-01029

17 Case C-224/01 Gerhard Kobler v Republik Osterreich [2003] ECR I-10239

about this king of procedure is that the request for a preliminary ruling can be made only in relation to the areas of freedom, security and justice. The first ruling settled in urgent procedure was *Lietuvos Auksciausiasis Teismas* (C-195/08) on the initiative of the Supreme court of Lithuania regarding the interpretation of "The Brussels IIa Regulation".[18] Conversely, the shortened procedure is prescribed in Article 104a of Rules of Procedure of CJEU, which stipulates that in order to initiate such a procedure the national court should submit a request which will be decided upon by the President of CJEU and will be allowed only when it concerns a question of urgent necessity.

In specific cases, the CJEU "plays" the role of EU law interpreter when reaching a ruling. On the other hand, if the question has already been answered by the Court, it will issue an order which refers to the previous judgement.

The national courts must be careful and concise regarding the question's formulation if they want to meet the high criteria established by the CJEU. Through its own practice, the Court has established that it will reject the request for a preliminary ruling if the national courts do not give at sufficiently clear explanation of the facts and the national legislation applicable to the dispute (*Bacardi-Martini SAS),*[19] the national court poses a hypothetical question (*Pasquale Foglia),*[20] the national court requests interpretation which does not correspond with the facts of the case *(Aziz Melki and Selim Abdeli)*[21] or the question raised by the national court is not objectively necessary to reach a verdict in the case (*Prokurator Generalny).*[22] Regarding the last point, CJEU can declare a request for a preliminary ruling as inadmissible with the explanation that the question appointed by the national court must be objectively necessary for solving the case, with the assumption that the court which raised the question has the authority to decide over the main subject-matter in the case.

CASE STUDY

An example of the CJEU's court practice in which a question for preliminary ruling is posed, which referred to the protection of the intellectual property rights in the digital society, is the case *GS Media BV v Sanoma Media Netherlands BV, Playboy Enterprises International Inc., Britt Geertruida Dekker*.[23] The request concerns the interpretation of Article 3 paragraph 1 of the Directive 2001/29/EC of the European Parliament and of the Council of 22 May 2001 regarding the harmonization of certain aspects of copyright and related rights in the information society. The mentioned provision explicitly points out that "Member States shall provide authors with the exclusive right to authorize or prohibit any communication to the public of their works, by wire or wireless means, including the making available to the public may access them from a place and at a time individually chosen by them". Precisely, the request to the CJEU is submitted by the Supreme court of Netherlands concerning the posting on the GeenStijl.nl website,

18 Dinka Sago, „Postupak prethodnog odlucivanja pred Europskim sudom – Problemi I moguca rjesenja" [2015] vol.36 Zbornik Pravnog fakulteta Sveucilista u Rijeci 381

19 Case C-318/00 Bacardi-Martini SAS and Cellier des Dauphinis v Newcastle United Football Company Ltd. [2003] ECR I-00905

20 Case 244/80 Pasquale Foglia v Mariella Novello [1981] ECR 03045

21 Joint cases C-188/10 and C-189/10 Aziz Melki and Selim Abdeli [2010] CR general

22 Case C-508/19 M.F. v J.M. [2022]

23 Case C-160/15 GS Media BV v Sanoma Media Netherlands BV, Playboy Enterprises International Inc., Britt Geertruida Dekker [2016] CR general

operated by GS Media, of hyperlinks[24] to other websites enabling photographs of Ms Dekker, taken for Playboy magazine, to be viewed.

The Advocate General's Opinion, Melchior Wathelet, regarding the case, is some way contradictory, was published on 7 April 2016[25]. According to the opinion, "the posting of hyperlink to a website which published photos without authorization does not in itself constitute a copyright infringement. The motivation of the person who placed the hyperlink and the fact that this person knew or should have known that the initial communication of the photos on other sites was not authorized are not relevant". Also, in the opinion it is pointed out that hyperlinks which are placed on the website and which lead to protected works that are freely accessible on another site cannot be classified as an "act of communication" within the meaning of the Directive. The Advocate General explains that his Opinion is based on the premises that the photos were "freely accessible" to all internet users on third-party sites. He also considers that internet users lack the knowledge and the means to verify whether the initial communication to the public of a protected work freely available on the internet was done with or without the consent of the holder of the copyright. The made the ruling of CJEU in that context.

With the assumption that the posting of a hyperlink to a website which published photos without authorization does not in itself constitute a copyright infringement, the entities which provide internet services are encouraged to find different ways of earnings, promotion, popularization and increased impact with using hyperlinks which lead to illegal servers with short lifetime, instead paying for the copyright and legally posting the content of art on their own site. In this case, copyright's users are discouraged to make them available to the public.

CONCLUSION

The origin of the preliminary ruling procedure can be traced back to the 50-th years of the last century, which represented a radical novelty in the context of international organizations. Through the years, this procedure has established itself as a crucial part of the legal order and judicial system in the EU. It is a well-known fact that the preliminary ruling procedure takes place before the CJEU, so the impact of the CJEU rulings in this procedure are essential for the national courts of Member States, within the purpose to set up legal framework that would be compatible and would be completely connected to the EU law. The task of the CJEU is to provide legal interpretation of the communitarian law without interfering in the final decision which will be given by the national courts. Therefore, even though the rulings seem inter partes, to justify the existence and the role of CJEU, the creation of the doctrines of direct effect and supremacy, the ruling have an *erga omnes* effect and are obligatory for all of the national courts of the EU Member States.

(The author is trainee in initial training - VIII generation in Academy for judges and public prosecutors "Pavel Shatev" Skopje)

24 Hyperlink is digital reference (electronic link) to data that the user can follow or be guided to by clicking which is providing direct access from one distinctively marked place in a hypertext or hypermedia document to another in the same or a different document.

25 Opinion of Advocate General Melchior Wathelet (7 April 2016), PRESS RELEASE NO 37/16, Luxembourg, According to Advocate General Wathelet, the posting of a hyperlink to a website which published photos without authorisation does not in itself constitute a copyright infringement (europa.eu)

УЛОГАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО РЕГИОНАЛНАТА ЗАШТИТА НА БЕГАЛЦИТЕ

Во Европската конвенција за човекови права нема одредби кои изречно ги штитат барателите на азил или ја препознаваат специфичната позиција на бегалците, нема гаранција за правото на азил и нема експлицитна гаранција за забраната за враќање. Меѓутоа, во член 1 од Конвенцијата се предвидува обврска за почитување на човековите права. Дополнително, како корисник на заштита на ЕКЧП се јавува секој, односно секој поединец може да се потпре на гаранциите содржани во ЕКЧП, па така националноста на апликантот или статусот на миграција е ирелевантен, што значи корисници се: и бегалците, и барателите на азил, и мигрантите, и лицата без државјанство, и странците.

ХРИСТИНА БАЛКАНОВ

АПСТРАКТ

Оваа статија ја разгледува улогата на Советот на Европа во регионалната заштита на бегалците. Цел на статијава е да се даде одговор на кој начин влијаат институционалната и правната рамка врз постапувањето и ги разгледува импликациите од таквото постапување.

Преку анализа на Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи, односно преку Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), ќе се увиди кои се нејзините релевантни одредби кои им овозможуваат заштита на бегалците, а консултацијата со веќе решените случаи ќе обезбеди сеопфатно осознавање и разбирање на реагирањето на соодветните институции.

Од една страна, во Конвенцијата, не се спомнуваат бегалци, барателите на азил, мигранти, нема одредби кои изрично ги штитат барателите на азил или ја препознаваат специфичната позиција на бегалците, нема гаранција за правото на азил и нема експлицитна гаранција за забраната за враќање. Меѓутоа, од друга страна, во член 1 од Конвенцијата[1] се предвидува обврска за почитување на човековите права, односно се предвидува дека високите страни-договорнички на сите лица под нивна надлежност им ги признаваат правата и слободите утврдени во дел I на Конвенцијата. Дополнително, како корисник на заштита на ЕКЧП се јавува секој, односно секој поединец може да се потпре на гаранциите содржани во неа, па така националноста на апликантот или статусот на миграција е ирелевантен, што значи дека корисници се: и бегалците, и барателите на азил, и мигрантите, и лицата без државјанство, и странците.

КРУЦИЈАЛНАТА УЛОГА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО ЗАШТИТАТА НА БЕГАЛЦИТЕ

Советот на Европа е меѓународна организација чиј фокус е заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото во Европа. Организацијата е основана во 1949 година и во моментов има 46 членки. При неговото формирање оод особена важност било Советот на Европа (СЕ) да се разликува од Европската Унија (ЕУ). Природата на функцијата на Советот на Европа, односно фактот дека станува збор за меѓународна организација, значи дека тој не може да донесува закони, меѓутоа круцијална е способноста да „врши притисок" за спроведување на одредени меѓународни договори постигнати од земјите-членки на различни теми.

Органи на СЕ кои имаат улога во заштитата на бегалците се:

1. Парламентарното собрание, кое усвојува препораки релевантни за заштита на бегалците, каде од особена важност е и Специјалниот комитет, односно Комитетот за миграција, бегалци и раселени лица.
2. Комитетот на министри, кој усвојува акциски планови и насоки, одговара на препораките на Парламентарното собрание, дава препораки за земјите-членки и го надгледува извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови прва (ЕСЧП) во случаите кои се однесуваат на правата на бегалците.

1 European Convention on Human Rights (ECHR) Article 1, 4 November 1950, 213 UNTS 222, Article 1 provides for the obligation of states to ensure the rights and freedoms defined in Part I of the Convention

3. Комесар за човекови права, чии приоритети се фокусираат на справувањето со притворот и на декриминализацијата на мигрантите, ранливите групи (деца, жртви на тортура или трговија со луѓе) и интеграцијата.
4. Европски комитет за спречување тортура, чија главна задачи се посети на места на притвор, со цел да се оцени како се постапувало со лицата лишени од слобода.

Конечно, надвор од институционалната рамка на СЕ валидна е улогата и на Европскиот совет за бегалци и прогонети, кој, во суштина, претставува сојуз од 110 организации од 40 држави и има три главни активности, односно: правна поддршка и судски спорови, застапување и зголемување на свеста.

Правната рамка на Советот на Европа, во однос на правата на бегалците, може да се подели на два дела, и тоа:

- јадро, и
- проширена правна рамка

Во основната правна рамка припаѓаат:

- Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаментални слободи, односно Европска конвенција за човекови права,
- Европската социјална повелба, и
- Европската конвенција за превенција од тортура, а дополнително и
- Конвенцијата против трговија со луѓе,
- Конвенцијата за спречување тероризам,
- Европската конвенција за конзуларна заштита, и
- Протоколот кон Европската конвенција за конзуларни функции во врска со заштитата на бегалците.

Од една страна, во Конвенцијата не се спомнуваат бегалци, барателите на азил, мигранти, нема одредби кои изречно ги штитат барателите на азил или кои ја препознаат специфичната позиција на бегалците, нема гаранција за правото на азил и нема експлицитна гаранција за забраната за враќање, меѓутоа, од друга страна, во член 1 од Конвенцијата се предвидува обврска за почитување на човековите права, односно:

- „Високите страни-договорнички на сите лица под нивна надлежност им ги признаваат правата и слободите утврдени во дел I од оваа Конвенција“.
- Дополнително, секое лице, независно од статусот, има право да бара заштита според ЕКЧП. Особено е важно да се разбере правото на државите да примаат или да не примаат странци на нивните територии, што е клучен атрибут на државниот суверенитет. Така, ЕКЧП не предвидува „општо право на недржавјанин да влезе или да остане во одредена држава“, што значи дека како прашање на принцип, правото на контрола на влезот, престојот и протерувањето на недржавјаните го имаат државите.
- Ова упатува на тоа дека државите имаат право да ги контролираат своите граници. Меѓутоа, тоа мора да се направи во согласност со обврските од Конвенцијата, а правата според ЕКЧП се суштински елемент на граничната контрола и третман на сите во јурисдикција на договорните страни.

Според текстот на Конвенцијата може да се утврди дека заштитата се однесува на:

ПРАВО НА ЖИВОТ

Така, според член 2: „Правото на живот на секој човек е заштитено со закон". Никој не може намерно да биде лишен од живот, освен со извршување на смртна казна, изречена со судска пресуда, со која е прогласен за виновен за кривично дело за кое, според закон, се казнува со таква казна". Во оваа смисла актуелни се и Протоколот број 4[2] и Протоколот број 6 од Конвенцијата.[3]

ЗАБРАНА ЗА МАЧЕЊЕ

Во член 3 е наведено : „Никој не смее да биде подложен на мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување".

ПРАВО НА СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

Ова право е гарантирано според член 5, од кој јасно произлегува дека: „Секој човек има право на слобода и на безбедност. Никој не смее да биде лишен од слобода, освен врз основа на закон, во точно определени случаи, и тоа според однапред наведени правила на постапување".

ПРАВО НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРИВАТНИОТ И СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

Ова право недвосмислено е регулирано во член 8, кој предвидува дека „секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката. Јавната власт не смее да се меша во остварувањето на ова право, освен ако тоа мешање е предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривичните дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите во едно демократско општество".

Овде треба да се напоменат две ситуации, односно: едната е депортацијата на лице која доведува до разделување на семејство и другата е одлуката да не се дозволи лице да влезе на територијата, што значи дека нема обединување на семејството.

Инаку, правото на семеен живот е загарантирано за секого – вклучително и за бегалци, барателите на азил и мигранти. Државите имаат негативни обврски, што упатува дека државите треба да се воздржат од произволно дејство, кое резултира со мешање во семејниот живот и позитивни обврски, односно со тоа што државите треба да преземат чекори кои се сметаат за разумно неопходни за да се обезбеди заштита на семејниот живот. Притоа треба да се забележи дека правото на семеен живот е квалификувано право, па така дозволува ограничувања во одредени околности и за добро идентификувани цели.

Според општите принципи, во случаите на повторно обединување, односно консултирајќи го член 8, се доаѓа до заклучок дека државите немаат општа обврска да одобрат обединување на семејството, а одлуката за барање за повторно обединување секогаш ќе се заснова на внимателна рамнотежа на интереси, земајќи ги предвид посебните околности на случајот и легитимниот општествен интерес на државата.

2 Protocol 4 to the ECHR, 16 September 1963, 213 UNTS 262

3 Protocol 6 to the ECHR, April 28, 1983, 1556 UNTS 206

Фактори коишто треба да се земат предвид кога се изведува балансирањето се: присуството на деца, можноста за семеен живот на друго место и други суштински околности на случајот. Што се однесува до релевантноста на овие критериуми за бегалците и за барателите на азил, кај бегалците, пристапот „на друго место“ не може да се примени, особено имајќи предвид дека постојат непремостливи пречки за воспоставување семеен живот во земјата на потекло, а во однос на трети држави потребна е внимателна индивидуална анализа на импликациите за човековите права од трансферот. Кај барателите на азил, пак, огромна улога во проценатa дали би било можно да уживаат во семеениот живот на друго место игра нивната ранливост, а притоа мора да се има предвид фактот дека тие не може да бидат вратени во земја во која би се соочиле со прогон.

Дискутирајќи за доброволното основање на ново семејство и за квалитетот на намерите да се продолжи со обединувањето на семејството, релевантни се следниве фактори:

- дали лицата што воспоставуваат нови семејни врски, во земјата на дестинација „биле свесни дека имиграцискиот статус на еден од нив бил таков што опстојувањето на тој семеен живот во државата-домаќин, од самиот почеток, би било несигурно“?;
- дали родителите доброволно ги оставиле децата во земјата на потекло и какво е однесувањето на оние кои бараат обединување на семејството, односно каква е природата на нивните намери ефективно да се обединат со членовите на своето семејство.

Доколку има присуство на деца, треба да се земе предвид возраста, нивото на зависност од родителите, но и изгледите за интеграција во земјата. Специфичноста на случаите во кои станува збор за бегалци и барателите на азил ги вклучува и ажурноста, но и тешкотиите во добивањето документација со која се докажуваат семејните врски.

Интересен е случајот Јеунесе против Холандија,[4] во кој ЕСЧП пресудува повреда на член 9 од ЕКЧП, земајќи ги предвид сите релевантни фактори, поточно: сите членови на нејзиното потесно семејство, освен неа, биле од холандска националност; таа мирно живее во Холандија повеќе од 16 години, овозможувајќи ѝ да создаде силни семејни врски, а нејзиното отстранување, неа и на нејзиното семејство би им предизвикало серија тешкотии. Притоа, предмет на најголемо влијание се интересите на децата. Судот заклучува дека холандските власти не успеале да постигнат правична рамнотежа меѓу интересите на државата за депортирање на апликантката и правото на семеен живот на апликантката и, што е најважно, на нејзините деца.

Друг случај, во кој сепак не е досудена повреда на член 8 од ЕКЧП, е Дарен Омореги и други против Норвешка.[5] Релевантни фактори во овој случај се: фактот дека врските во Норвешка се послаби од оние во Нигерија, во која апликантот израснал, неизвесноста од сознанието дека семејниот живот се формирал при престојот на апликантот во земјата и конечно дека апликантите нема да доживеат непремостливи пречки при преселување во Нигерија. Инаку, оваа одлука често ја одразува нефлексибилната природа на контролата на имиграцијата, откако барањето за азил пропаѓа. Уште повеќе, според Протокол број 4, член 4, се забранува и колективното протерување странци,[6] каде фокусот е на ефектот на дејството, а не на формата, што значи дека се зема предвид која било мерка.

4 Jeunesse v. Netherlands Application no. 12738/10 (ECHR October 3, 2014).

5 Omoregie and others v. Norway, Application no. 265/07 (ECHR 31 July 2008).

6 Protocol 4 to the ECHR Article 4, September 16, 1963, 213 ONDS 262

Во однос на ова може да се разгледаат неколку фактори, па така, во случајот Конка против Белгија[7] словачки државјани со ромско потекло избегале од Словачка, во која,како што тврделе, биле изложени на расистички напади во кои полицијата не сакала да интервенира. Апликантите биле уапсени во Белгија, со цел да бидат вратени во Словачка, но откако биле повикани да ги завршат барањата за азил. Апликантите особено се жалеле на околностите на нивното апсење и на протерувањето во Словачка. Во овој случај Судот досудува повреда, поради тоа што: ***1)*** постапката за азил не била завршена; ***2)*** на протераните им било многу тешко да контактираат со адвокат; ***3)*** постапката за протерување не вклучува доволно гаранции: ***4)*** личните околности на секој апликант не биле вистинити и не биле индивидуално разгледани и ***5)*** инволвираните политички власти добиле инструкции да спроведат слични операции на протерување во минатото.

Случај во кој Судот не досудува повреда е Н.Д и Н.Т. против Шпанија,[8] каде станува збор за недискриминирачко повлекување на копнените граници, односно апликанти биле двајца мигранти од Мароко, кои, со група од неколку други супсахарски мигранти се обиделе да влезат во Шпанија, со тоа што го заобиколиле градот Мелила, шпанска енклава на северноафриканскиот брег. Веднаш штом ја преминале оградата биле уапсени од членовите на Гардија цивил, кои ги вратиле на другата страна на границата, без никаква процедура за идентификација или можност да ги објаснат личните околности. Во конкретнава ситуација однесувањето на апликантите е релевантен фактор во оценувањето на заштитата дадена според член 4, Протокол број 4, а недостатокот од индивидуални решенија за отстранување е последица на однесувањето на апликантите, како и на нивниот неуспех да користат официјални процедури за влез коишто им биле на располагање.

ПРАВОТО НА ЕФЕКТИВЕН ПРАВЕН ЛЕК

Во однос на правото на ефективен правен лек, во член 13 е пропишано дека секој човек чии права и слободи, признати со оваа Конвенција, се нарушени, има право на жалба пред националните власти, дури и тогаш кога повредата на овие права и слободи ја сториле лица при вршење на службена должност. Тука е важно да се напомене дека правото на правично судење, предвидено во член 6 од ЕКЧП, не се применува во случаите на азил, за разлика од правото на ефективен правен лек предвидено во член 13 од ЕКЧП. Исто така, треба да се забележи дека ова не е автономна одредба, односно дека се применува само заедно со друго право предвидено во ЕКЧП. Притоа, процедуралните делови од член 3 и член 4 од Протоколот број 4 - му дозволува на Судот да ги разгледа процедуралните пропусти дури и тогаш кога на правото на ефективен правен лек не се повикува посебно.

Конечно, важно е потсетувањето дека ЕКЧП не го гарантира правото на азил, меѓутоа, истовремено, бегалците ги уживаат правата на ЕКЧП кога се во јурисдикција на договорните страни. Во однос на правото на приватен и семеен живот, него го уживаат и бегалците и барателите на азил, а постапката за повторно обединување на бегалците треба да биде поповолна отколку за други странци. Кај колективното протерување круцијално е индивидуалното оценување, имајќи предвид дека државите мора да ги заштитат своите граници, но на начин кој е во согласност со гаранциите од Конвенцијата. Ефективниот правен лек вклучува заштитни мерки против процедурални неуспеси во случаите кои вклучуваат бегалци и барателите на азил, и тоа преку член 13, но и преку процедуралниот дел од другите одредби на ЕКЧП.

7 Conka v. Belgium, Application no. 51564/99 (ECHR 5 February 2002).

8 N.D. and N.T. v. Spain, Applications no. 8675/15 and 8697/15 (GCC, ECHR 13 February 2020).

ЗАКЛУЧОК

Низ повеќедецениското постоење на Советот на Европа во фокус е надминувањето на предизвиците во однос на заштитата на човековите права, меѓутоа, во последно време преовладува интересот во полето на политиките кои се однесуваат на бегалците, мигрантите и барателите на азил. Улогата на Советот на Европа од овој аспект е воочлива и се спроведува преку соодветните органи, а во текстот на Европската конвенција за човекови права се забележуваат одредени основи кои можат да значат и конкретна заштита на правата на бегалците и/или мигрантите и барателите на азил. Со оглед на тоа дека светот сведочи за сè поголема присутност на причините за миграција (вооружени конфликти, нестабилност, демографски и економски развој, климатски промени), решавањето на предизвиците и понатаму е еден од приоритетите на Советот на Европа. Така, во моментов една од актуелностите е и „Акцискиот план на Советот на Европа за заштита на ранливите лица во контекст на миграцијата и азилот во Европа (2021-2025)“, а истиот предлага насочени мерки и активности за подобрување на капацитетот на земјите-членки за идентификување и справување со ранливостите во текот на процедурите за азил и миграција. Акцискиот план е составен од четири столба: три од нив се засноваат на основата на Советот на Европа – човекови права, демократија и владеење на правото – а четвртиот, попречен столб, се фокусира на соработката.

Есенцијално за бегалците, мигрантите, барателите на азил и сличните на нив е во даден момент да видат „гулаб кој држи зелен лист“. Гулабот во овој случај претставува мир, додека листот ги означува пасиштата кои се позелени од оние кои им се познати. Осознавањето на суштината на изреката „Животот е патување: нека биде безбедно“, ја дефинира разликата помеѓу избрзаноста и мудроста. Емоционалното слепило на чија било страна може да доведе до тоа да не се премине долината, а со докажување на подготвеноста се добива живот, се добива пристап до светот во целина.

(Авторката е демонстратор по право на друштва - „Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје)

НЕПРИМЕНУВАЊЕТО НА ПРЕСУДАТА ‘МИЛАДИНОВ И ДРУГИ ПРОТИВ МАКЕДОНИЈА’ ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

Судовите со леснотија ги отфрлаат наводите на одбраната и на осомничените/обвинетите за определување полесни мерки за обезбедување присуството во текот на постапката. Во ниту еден момент од постапката домашните судови, во своите одлуки, не објасниле зошто алтернативните мерки на лишувањето од слобода, коишто апликантите ги предложиле во своите жалби против одлуките на советот, не би биле доволни да обезбедат правилен тек на постапката За нотирање е дека во последниве години, токму поради практиката на ЕСЧП, се даваат про-форма образложенија кои најчесто се сведуваат на шаблон, на флоскули со ист наратив, без суштински да се образложи зашто полесна мерка не би го обезбедила присуството.

ЈАНАКИ МИТРОВСКИ

АПСТРАКТ

Пресудата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во Стразбур – „Миладинов и други против Македонија“ (Апликации бр. 46398/09, 50570/09 and 50576/09), којашто потекнува од домицилен предмет, е пресуда која на најдобар начин ги детектира проблемите што потекнуваат од еклатантното кршење на одредбите од Законот за кривична постапка (ЗКП) и од практиката на ЕСЧП, во претходна постапка, конкретно од редовното кршење на член 5 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), односно од правото на слобода и безбедност.

За жал, речиси дури и една деценија по посочената пресуда сé уште судиите на претходна постапка редовно се користат со наводи и околности кои конкретната пресуда ги детектира како повреда на член 5 од Конвенцијата. Во најголем број од решенијата за определување најстроги мерки за обезбедување присуство на осомничен или обвинет, сé уште се користат шаблонски copy-paste/копирај/залепи решенија, висината на санкцијата што им се заканува останува причина број еден за одредување на мерката притвор или куќен притвор, што, за жал, доведува до клонирани пресуди против Македонија.

Овој труд од практичен аспект ќе ги посочи проблемите со кои се соочуваме во текот на претходните постапки, во кои судиите не се трудат да ја применат практиката на Стразбур, која, патем, е облигаторна.

Трудов ќе биде концентриран на практиката на Основниот кривичен суд во Скопје.

ВОВЕД

Во пресудата „Миладинов и други против Македонија“, во образложението и во заклучоците на Судот, на јасен начин се демаскира дециниската практика во Македонија за најлесно прибегнување кон најтешките мерки за обезбедување присуство, предвидени во ЗКП, со кои inter alia/односно, меѓу другото се создава практика на ноторно привилегирање на една од странките. ЕСЧП, во посочената пресуда, утврдува повреди на член 5, став 3 и 4, поради неколку конкретно наведени причини, кои, патем, се редовна практика во Македонија.

Судот прифаќа дека судовите, во секое следно навраќање, ја повторувале сериозноста на кривичните дела коишто им се ставале на товар на апликантите, како и висината на казната што им се заканувала да ја добијат, како пресудни елементи кои ја зголемувале опасноста од бегство. Опасноста, исто така, била заснована на сомнението дека апликантите ги сториле кривичните дела кои им се ставале на товар.[1] Оваа констатација, како редовна практика, се провлекува речиси во сите решенијата за одредување мерки притвор и куќен притвор, и покрај тоа што предизвикува повреда на правото на слобода, а директно навлегува и во презумпцијата на невиност, како основно начело на кривичната постапка, бидејќи истражниот судија, на недозволив начин, наместо само да утврдува дали постои основано сомнение, донесува заклучок, и во своето решение наведува дека се сторени кривичните дела коишто им се стават на товар на апликантите. Тоа претставува грубо кршење на пресумпцијата на невиност, и, аналогно на тоа, го повредува правото на слобода.

1 Миладинов и др. против Република Македонија, ЕСЧП, точка 53

Како контратежа на редовната практика од претходните постапки, Јавното обвинителство (ЈО), а потоа и судот, кога одредувале мерки притвор и куќен притвор поради опасност од бегство, се повикувале на висината на пропишаната санкција, а судот е на становиште дека опасноста од бегство не може да се мери, односно оценува исклучиво според висината на казната со која апликантите се соочувале,иако висината на казната е релевантен елемент во проценката на ризикот од бегство или од повторување на делото, па потребата за континуирано лишување од слобода не може да се оценува чисто апстрактно, земајќи ја предвид само сериозноста на кривичното дело.[2]

Домицилната практика редовно покажува дека судовите со леснотија ги отфрлале наводите на одбраната и на осомничените/обвинетите за опреелување полесни мерки за обезбедување присуство во текот на постапката. Идентична е состојбата и со бранителите на тројцата осомничени, подоцна обвинети во предметот кој резултира со пресудава што е предмет на опсервација. Во ниту еден момент од постапката домашните судови, во своите одлуки, не објаснуваат зошто алтернативите мерки на лишување од слобода, коишто апликантите ги предложиле во своите жалби против одлуките на советот, не биле доволни да обезбедат правилен тек на постапката?[3] За нотирање е дека во последниве години, токму поради практиката на ЕСЧП, се даваат про-форма образложенија, кои најчесто се сведуваат на шаблон, на флоскули со ист наратив, без суштински да се образложи зашто полесната мерка не би го обезбедила присуството.

Во голема мера практиката е идентична и кога се работи за опасност од повторување на делото. Се користат идентични формулации, се повторуваат законски одредби наместо реални факти кои укажуваат на опасноста од повторување на делото, и, како и кај опасноста од бегство, и кај опасноста од повторување на делото, екстензивно се користи висината на санкцијата што се заканува или сериозноста на делото. Според ова, и домашните судови исто така упатиле на можноста апликантите да ги повторат делата, како и на дополнителната основа за континуиран притвор. Притоа и тие се повикале на сериозноста на наводно сторените кривични дела. Сепак, тие не се повикале на ниту еден конкретен факт кој би бил доказ за склоноста на аплиакнтите кон сторување кривични дела, иако ги спомнале претходните осуди на првиот и третиот апликант, но судовите никогаш не отишле над овие констатции. Во врска со ова, Судот повторува дека повикувањето на претходно постоечко кривично досие за едно лице не е доволно да го оправда одбивањето истото тоа лице да биде пуштено на слобода.[4]

Дека се користи иста сумарна формулација, а не се адресираат конкретни факти, туку претежно одлуките за притвор и за куќен притвор се темелат на сериозноста на делата и на висината на санкција што им се заканува, Судот заклучил и дека во сите решенија за продолжување на притворот, како и во одлуките донесени по жалба за ваквите решенија, е користена истата сумарна формулација која ги содржи истите зборови. Се чини дека судовите малку ги зеле предвид, доколку тоа воопшто го сториле, личните околности на апликантите. Судовите не ја опишале личната ситација на апликаните, надвор од едноставното повикување на нивната имотна и семејна состојба, што не било придружено со какво било објаснување во однос на тоа зошто нивните карактери или личните околности го направиле неопходен нивниот притвир.[5]

2 Idem, точка 54

3 Idem, точка 55

4 Миладинов и др. против Република Македонија, точка 55

5 Idem, точки 57 и 58

АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА ВО МАКЕДОНСКИТЕ СУДОВИ

Истражувањево ќе стави акцент пред сè на скопскиот Основен кривичен суд, како најголем суд и како суд со најголем годишен прилив на предмети, аналогно на тоа и со најголем број предмети во претходна постапка, а inter alia/меѓу другото и со постапки во кои се бараат мерки за обезбедување присуство на осомниченото лице. Во повеќе предмети, во кои како тужена страна се јавува Република Македонија, е нотирана повредата на член 5 - правото на слобода, директно посочено поради носење необразложени решенија, користење иста сумарна формулација, недавање образложение на тоа зашто некои од алтернативните мерки не би го обезбедиле присуството, одбивање да се одобри гаранција, па се' до неоддржување јавни седници.

Како ноторен пример за поткрепа на темава од студијава е предметот „Китановски и други против Македонија". Анализирајки ја оваа пресуда авторот Велимир Димовски заклучил дека во сите предмети од групата Китановски апликантите биле ослободени и повеќе не се наоѓале „во рацете на полицијата", а покрај тоа било неопходно државата да демонстрира и дека биле преземени соодветни истражни дејствија, како индивидуални мерки, во насока на задоволување на високите стандарди на процесниот аспект на член 3 од Конвенцијата, односно и на член 2 во предметот Китановски. Сепак, целите на извршувањето во овие предмети во никој случај не можат да бидат исполнети исклучиво преку поединечните мерки, туку како нужно се наметнува и преземањето сеопфатни општи мерки кои би довеле до спречување слични повреди во иднина.[6]

Во студијата на Димовски, како еден од клучните проблеми е тоа што судовите континуирано не даваат издржани образложенија зашто која било од поблагите мерки или од понудените гаранции нема да бидат доволни за обезбедување присуство на осомничениот во текот на постапката. Па така, Димовски вели дека за судот останало нејасно зошто тие не сметале дека тој ризик бил отстранет по однос на апликантите чии пасоши веќе биле одземени, или кои презентирале факти што укажувале на блиски врски со тужената држава, дотолку повеќе што во ниту еден стадиум од постапката, судовите, во своите одлуки, не објасниле зошто алтернативите на лишувањето од слобода не би биле доволни да обезбедат судењето да се одвива во соодветиот тек *(став 62 , во „Василкоски и други", а слично и во „Рамковски", став 63)*.[7]

Ваквото игнорирање на ноторниот проблем со притворските решенија, во корелација со бришењето на член од Законот за судии со кој утврдената повреда на Конвенција подразбира разрешување на судијата, ги остави судиите во комотна позиција. Таа комотна позиција постојано не доведува во позиција да сме таргет на клонирани пресуди од Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Појавата на нови, репетитивни апликации, кои се однесуваат на истата проблематика поврзана со притворите и со образложеноста на притворските решенија, укажува на структурен недостаток кој и понатаму е присутен во македонскиот правосуден систем и кој неминовно бара системска реакција. Реакцијата ќе треба да се манифестира преку неодложни промени во практиката на постапувањето, а тоа е тесно поврзано и зависно со јакнењето на свесноста и со зголемена едукација на судиите коишто одлучуваат по барања за продолжување на мерката притвор. Дотолку повеќе, таквата реакција е долгоочекувана, имајќи предвид дека изминале повеќе од

6 Велимир Домовски: Пораките од Стразбур за Скопје страна 15

7 Idem, страна 35

десет години откако оваа група предмети првпат била оформена и ставена на разгледување на дневен ред во РМ.[8]

Апликативна и мошне користена, би навел не баш успешно, е пресудата од Стразбур „Миладинов и други против Македонија“ која потекнува од домицилен предмет, а која е и инспирација за студијава. Во неа на хируршки прецизен начин Судот утврдува дека решенијата за притвор, по конкретниот предмет (а сведоци сме дека се пресликува во најголемиот дел од предметите), претставуваат повреда на правото на слобода, бидејќи се паушални, а воглавно се темелат на висината на санкцијата која им се заканува, а се користи иста формулација, се суди пред судење и се користи едно исто решение за колективен притвор.

Проблематична останува и потребата на судиите во претходна постапка да користат спорна реторика во смисла на „делото/односно на делата кои ги сторил”. Понатаму, спорна е и „висината на санкцијата” и така натаму, од што јасно произлегува дека судијата/советот на претходна постапка, излегува од своите ингеренции, се става во улога на суд и директно ја повредува презумпцијата на невиност на осомниченото или на обвинетото лице.

Предметот „Миладинов и други“ ја нагласува потребата од јасно разграничување меѓу оние искази кои го рефлектираат мислењето дека засегнатото лице е виновно и исказите кои само ја опишуваат „состојбата на сомневање“, во смисла на разгледување на наводите на апликантите дека презумпцијата на невиност не била испочитувана во овој случај. Судот дава суштинско објаснување зошто смета дека дошло до повреда во овој дел, наведувајќи дека спорната формулација во судските решенија кои се однесувале на притворот на апликантите не содржеле изречна декларација во смисла на утврдување на вината, пред нивната вина да биде докажана, согласно со закон, од причина што станувало збор само за искази кои посочувале дека за апликантите постојат обвинениј дека извршиле неколку кривични дела, што немало за цел да се изрази мислење кое би сугерирало дека се виновни.[9]

Во оваа пресуда Судот нагласува дека решенијата за колективен притвор на апликантите биле засновани врз различни законски основи (како: ризик од бегство, повторно сторување на кривични дела и влијание врз истрагата), додека притворот бил продолжуван потпирајќи се врз тежината на делото и врз потенцијалната санкција, наместо судовите да се осврнат и на тоа зошто алтернативите на притворот не биле доволни да гарантираат дека постапката ќе биде правилно спроведена. Исто така, Судот беше критичен и кон практиката на домашните судови да употребуваат идентична формулација кога го потврдуваат притворот, без да се обрне внимание на индивидуалните околности. Поради тоа, Судот утврдил дека носењето колективни решенија за притвор, без притоа да се направи анализа на случајот во однос на основите за притвор за секој поединечен член на групата, е неспоиво со член 5 став 3 од Конвенцијата. Пропуштајќи да ги посочат конкретните факти, надлежните органи го продолжиле притворот на апликантите„но истите, иако се „релевантни“, не можат да се сметаат за „доволни“.[10]

8 AIRE Центар, Судска пракса на ЕСЧП во однос на Македонија до крајот на 2016, страна 14

9 Idem„ страни 26 и 27

10 Idem, страна 39

НЕПРОМЕНЕТИ СОСТОЈБИ

Поради цел сет пресуди на ЕСЧП, во одредени сегменти се бележи напредок, но и тој е само привиден, а не суштински. Имено, јавни седници сега се оддржуваат, но тоа не менува многу. Идентично, се даваат образложенија зашто некоја поблага мерка не би вродила со плод. Сето тоа се сведува на бенигни образложенија, во смисла на тоа дека судот ги зел предвид наводите за поблаги мерки, но дека во оваа фаза смета дека тие не би го обезбедиле осомничениот, а тоа е образложение „pro forma"/само формално, колку да се запазат насоките на Стразбур. Ваквите образложенија не се суштински, бидејќи конкретно не се образложува кои околности и причини ги исклучувааат поблагите мерки за обезбедување на осомничениот во постапката. Следствено, и понатаму се користи истата сумарна формулација за речиси сите решенија за притвор, како и формулацијата за решенијата за продолжување на притворот.

Ова лесно може да се утврди преку прост преглед на решенијата за притвор од четири предмети работени од страна на авторот на текстов. Во претходна постапка, за сторено кривично дело казниво според член 215, на А.С. му е определена мерка притвор по барање на ОЈО Скопје. Усвојувајќи го предлогот, судијата на претходна постапка образложува дека при одлучувањето ги имал предвид видот, карактерот и тежината на кривичното дело, висината на санкцијата што му се заканува за истото, специфичноста, заштитеното добро и последиците, свесноста дека осомничениот не е вработен, дека нема имот и дека неовластено, заради продажба, држел марихуана, од што основано може да се очекува дека ќе се даде во бегство.[11] Дополително судот е на став дека фактот што осуденият е од друг град, а живеел во Скопје, укажува на тоа дека постои опасност да го повтори делото?!

Во предметот против К.Г. за кривично дело казниво по член 123, во врска со член 19, во сите решенија за продолжување на мерката притвор кривичниот совет ја користи истата шаблонска реторика, повикувајќи се на видот и карактерот на кривичното дело, на тежината на делото, околностите под кои се товари дека обвинетиот го сторил делото, како и на висината на казната што му се заканува.[12]

Во поглед на кривично дело, казниво по член 215 став 3, во постапка водена против Р.И. кој цели две години се наоѓал во притвор, дваесет и три решенија се copy-paste, односно „пресликај и залепи". Така, кривичниот совет смета дека основаноста на мерката притвор произлегува од видот, карактерот и природата на кривичното дело, од степенот на кривичната одговорност, видот и висината на предвидената санкција за ваков вид дело, како и од соочување со можноста за изрекување ефективна казна затвор.[13]

Во постапка против Т.Л. првично определената мерка куќен притвор, во кој осомничениот поминал петнаесет дена, со одлука на кривичен совет му е заменета со ефективен притвор. Советот е на став дека осомничениот ќе се даде во бегство, имајќи го предвид видот и карактерот на делото кое му се става на товар, видот и висината на предвидената санцкија за ваков вид дело, како и соочувањето со евентуалната можност за изрекување ефективна мерка затвор. Притоа советот го имал предвид и мотивот за сторување на кривичното дело.[14]

11 Решение I КПП број 87/22 Основен кривичен суд Скопје

12 КС.бр.44/23 на Основен кривичен суд Скопје

13 КСП-КОК бр. 625/22

14 КИОК-КС бр. 121/23

Од посочениве примери видно е дека истите не се индивидуализирани, согласно со личните околности, туку дека ако сте виделе едно решение за притвор, како да сте ги виделе сите. Дополнително, не се применуваат препораките на ЕСЧП, согласно кои висината на казната не е основ за притвор, а забележливо е и дека судот ја подрива пресумпцијата на невинсот и се става во улога на судечки совет, повикувајќи се на степенот на кривична одговорност, на тежината на делото, на заштитеното добро, на последици од делото, како и на намерата за продажба, и така натака.

ЗАКЛУЧОК

Иако многу пати нотирана од ЕСЧП во Стразбур, а и покрај неколку апликативни пресуди, состојбата околу претходната постапка кај нас, во Македонија, останува застрашувачка. Продолжува користењето иста сумарна формулација, останува премногу лесното определување мерка притвор, необразложувањето зашто полесните мерки не се прифаќаат, останува и генералниот став за неприфаќање гаранции, со исклучок за корумпирани политичари. Дека ограничувањето на слободата со притвор и со куќен притвор во Македонија многу лесно се определува, говори и податокот добиен од Основниот кривичен суд Скопје, по барање на информација од јавен карактер. За пет години, во период од 2018, заклучно со 2022 година, кај вкупно 807 предмети, во кои се опфатени 1.733 лица и во кои е барана мерка притвор, мерката е определена за 1.479 лица, куќен притвор е определен за 166 лица, а полесни мерки се определени само за 79 лица.[15]

Во истиот период се поднесени 19 предлози за куќен притвор, кои се однесуваат на 19 лица и сите се усвоени, освен за едно лице. Од оваа информација произлегува дека во 826 случаи, со опфатени 1.752 лица, скопскиот Кривичен суд ја ограничил слободата на осомничените со притвор или со куќен притвор, кој е определен за 1.732 лица, или за фрапантни 98,5% од случаите, и тоа во најголем дел на истиот начин како што беше погоре опишано, кој од страна на Судот во Стразбур е детектиран како повреда на правото на слобода според член 5 од Конвенцијата.

За нотирање е фактот дека, раководејќи се од практиката на авторот на текстов, состојбата во Основниот кривичен суд Скопје, во изминатите десетина години е минимално подобрена и е најдобра, во споредба со судовите од внатрешноста. Ова не доведува до кршење на правото на слобода, но и до постапување на судиите од претходна постапка надвор од нивните ингеренции, бидејќи во добар дел од пресудите тие даваат образложенија кои се карактеристични за пресудата, а не за решенијата за обезбедување присуство на осомничен.

Ова произлегува од практиката за наведување на карактерот на делото, небаре тоа е основ за притвор, од заштитата на повреденото добро, од намерата за продажба, па дури и од мотивот, што не е обврска согласно со ЗКП. Поради тоа Република Македонија постојано е таргет за нови и нови клонирани пресуди, без никаква одговорност од судиите коишто ги генерираат. И покрај тоа што беше избришан членот од Законот за судии, со кој повредата на правото од Конвенцијата, е основ за разрешување, останува одредбата за материјална одговоорност, но досега не е познат ниту еден случај судија да регресирал средства кои државата ги исплатила поради повреда на право од Европската конвенција за човекови права.

(Авторот е адвокат)

15 Основен кривичен суд Скопје, ПЈИ 17/23

ПРАВОТО НА БРАК ВО ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Бракот, како институција, но и неговото правно нормирање, поминува низ процес на промени. Овие промени сè уште не се многу изразени во нашево општество, а уште помалку во законската регулатива, која, и покрај неколкуте промени, и натаму се засноваат врз „Законот за семејството“, донесен во 1992 година. Оттаму, прашање на време е кога некое од погоре наведениве прашања ќе се постави и пред нашиве институции, а дотогаш тие ќе треба да имаат подготвен одговор.

НАТАША НАЈДЕНОВА - ЛЕВИЌ

АПСТРАКТ

Бракот, како институција, од самиот свој почеток ги соединува во себе двете суштински димензии: личниот однос меѓу партнерите и општествената врска во која се манифестира тој однос во општествената средина. Низ годините, бракот во голема мера еволуирал, и тоа како во поглед на начинот и условите за склучување, така и во поглед на односот меѓу брачните другари и можноста од бракот да се истапи по сопствена волја.

Овие промени наоѓаат свој одраз во националните правни системи на државите, но и на меѓународен план, преку нормите содржани во Повелбата на ООН, во Универзалната декларација и во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, а на регионално ниво, во рамки на Европската Унија, низ примената на Европската конвенција за човекови права и основни слободи (ЕКЧП) и во практиката на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Клучни зборови: брак, заедница на живот, ЕКЧП еволуирање на концептот, ЕСЧП.

ВОВЕД

Бракот претставува со закон уредена заедница на живот меѓу маж и жена, во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството. Семејството се смета за основна клетка на општеството. Оттаму, правото на брак и засновањето на семејство е заштитено со домашните, но и со меѓународните инструменти кои се однесуваат на заштитата на човековите права.

Не е претерано да се каже дека слободата која брачните другари ја имаат денес во поглед на тоа каде, како и со кого сакаат да стапат во брак (или кога и како сакаат од него да истапат) биле незамисливи и „премногу слободоумни“, понекогаш дури и за нашите поблиски претци, што зборува за динамиката на трансформирање на бракот.

При регулирањето на брачно-правните односи во одделни држави многу силно доаѓаат до израз културното наследство и религиозните сфаќања, а тоа има за последица значајни разлики во брачно-правните норми. Иако во овој домен не постои толку силен интерес за унифицирање на правилата за однесување, сепак доаѓа до приближување на нормите, главно во однос на оние прашања кои, помалку или повеќе, непосредно се регулирани во Повелбата на ООН, во Универзалната декларација и во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. На регионално ниво, во рамки на Европската Унија, напреднати се процесите на унификација, како на материјално-правните, така и на колизионите норми и нормите од процесно-правен карактер.

Во овој труд ќе се даде осврт на примената на Европската конвенција за човекови права и основни слободи и на практиката во предметите на Европскиот суд за човекови права во однос на правото на брак, заштитено со член 12 од Конвенцијата.

Неколку аспекти за заштита на правото на брак во практиката на ЕСЧП

Ниту еден меѓународен инструмент не содржи дефиниција за бракот и за семејството, ниту пак се предвидува минималната возраст за склучување брак, туку само се користат изрази како „полнолетни мажи и жени“ (член 16, став 1 од Универзалната декларација за човекови права),

или „мажи и жени зрели за брак“ *(член 23, став 2 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права)*.[1] Во член 12 од Европската конвенција за човекови права и основни слободи *(во понатамошниот текст: Конвенција)* се заштитува правото на брак на начин што се предвидува дека: „Од моментот кога ќе станат способни за брак, мажот и жената имаат право да стапат во брак и да создадат семејство според националните закони со кои се регулира остварувањето на ова право“.

Од ова произлегува дека правото на брак се регулира со националните закони на државите кои се договорни страни на Конвенцијата. Институциите на Конвенцијата ги прифатиле ограничувањата на правото на склучување брак, утврдени со националните закони, кои можат да содржат формални правила што се однесуваат на прашања како што се јавност и свеченост на венчавката. Тие, исто така, можат да вклучуваат и материјални одредби кои се темелат на општо признаените сфаќања за јавниот интерес, особено во врска со способноста, согласноста, забранетите степени на сродство или спречување на бигамија.[2]

Сепак „ограничувањата што се воведени не смеат да го ограничат или да го намалат правото на таков начин или до тој степен што со тоа да се нарушува самата суштина на правото“.[3]

Во случајот Theodorou и Tsotsorou против Грција *(апликација број 57854/15, од 5.9.2019 година)* Европскиот суд за човекови права едногласно утврдил дека дошло до кршење на член 12 – право на склучување брак од Конвенцијата. Случајот се однесувал на судска одлука со која бракот на г-ѓата Тсотсороу и г-динот Тхеодороу се поништил врз основа на тоа што г-ѓата Тсотсороу била сестра на поранешната сопруга на г-динот Тхеодороу. Г-нот Тхеодороу се оженил со П.Т. во 1971 година, со која имал ќерка. Бракот бил раскинат со одлука на Атинскиот окружен суд, а уверението за развод му било издадено во 2004 година. Апликантот, во 2005 година, склучил брак со сестрата на П.Т. *(г-ѓата Тсотсороу)* со верска церемонија. Следната година П.Т. се жалела до државното обвинителство за тој брак, повикувајќи се на ништовност на бракот поради сродство на двајцата сопружници.

Врз основа на член 1357 од Граѓанскиот законик, кој забранува брак меѓу лица во сродство до трет степен, грчките судови го поништиле бракот на апликантот 10 години по неговото склучување. Судот во својата одлука истакнал дека подносителите на претставката биле роднини по сватовство од втор степен и дека грчкиот закон го забранува нивниот брак од причини на пристојност и почитување на институцијата семејство.

ЕСЧП забележал дека во државите-членки на Советот на Европа е постигнат консензус во врска со пречката за брак „поранешни сестри и зет“. Само две држави-членки *(Италија и Сан Марино)*, вовеле таква пречка за брак, но ни таа не е апсолутна. ЕСЧП исто така утврдил дека апликантите не се соочиле со никакви законски пречки пред да стапат во брак и дека националните власти не вложиле приговор во врска со тој брак. Имајќи гипредвид сите наведени аргументи ЕСЧП утврдил дека поништувањето на бракот на апликантите несразмерно го ограничило нивното право на склучување брак до таа мера што е нарушена самата суштина на тоа право.

1 Paunovic M, Krivokapic B., Krstic I., Medjunarodna ljudska prava, jedanaesto izmenjeno I dopunjeno izdanje, Beograd, 2023, стр. 187-188.

2 Предмет F. v. Switzerland, апликација број 11329/85, ЕСЧП, 1987 година, став 32.

3 Rees против Обединетото Кралство, апликација број 9532/81,1986 година, Серија А бр. 106, став 50.

Предметот B. и L.против Обединетото Кралство[4] се однесува на забраната на склучување брак меѓу свекор и снаа. Имено, првиот апликант е татко на поранешниот сопруг на втората апликантка. Кога нивните бракови пропаднале, жалителите се преселиле, заедно со синот на втората апликантка, којшто е внук на првиот апликант, а кого сега го нарекувал „тато". „Законот за брак" од 1949 година забранува склучување брак меѓу свекор/свекрва/таст /тешта, со снаа/зет, освен ако поранешниот сопружник на секоја од страните е починат. Законот бил изменет во 1986 година и сега нема таква забрана во однос на другите односи на сродство, но не и за крвно сродство, на пример, очув/маќеа и посинок/пасторка. Забраната може да се укине со поединечен акт на парламентот. Не постојат утврдени критериуми за таква постапка, што е во дискреција на парламентот, а правна помош не е достапна за трошоците за добивање личен акт од претставничкиот дом.

Во својата пресуда Европскиот суд, меѓу другото, истакнал дека „забраната за брак, иако тежи кон легитимна цел за заштита на интегритетот на семејството и кон спречување штета на децата кои може да бидат засегнати од променливите односи на возрасните околу нив, не спречил појава на такви односи. Понатаму, бидејќи ниту инцестот или друга кривично-правна одредба не ги спречувале вонбрачните односи меѓу свекорот и снаата, не може да се каже дека забраната за брак на жалителите спречила синот на втората жалителка да биде изложен на каква било наводна конфузија или емоционална несигурност. Во случај сличен како на апликантите, парламентот утврдил дека забраната за брак не служи за никаква корисна цел во јавната политика. Судот смета дека неусогласеноста меѓу наведените цели од неспособноста и откажувањето, применето во некои случаи, ја поткопува рационалноста и логиката на конкретниот закон. Во околностите на овој случај Судот утврдил дека има повреда на член 12.

ЗАКОНСКА УРЕДЕНОСТ НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ БРАЧНИТЕ ДРУГАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во нашиов правен систем сродството по сватовство претставува брачна пречка како и крвното сродство, но со послаб интензитет, и се однесува на потесен круг лица поврзани со овој вид сродство. Во член 21, став 1 од „Законот за семејството" *(понатаму ЗС)* се предвидува дека „не можат меѓу себе да склучат брак свекор и снаа, зет и тешта, очув и паштерка, маќеа и пасинок, без оглед на тоа дали бракот, поради чие склучување тие дошле во такво сродство, престанал". Меѓутоа, „Законот за семејството" дава можност сродниците по сватовство да можат да склучат брак меѓу себе, со дозвола донесена од надлежен суд, доколку за тоа постојат оправдани причини.[5]

Доколку сродниците по сватовство поднесат барање за склучување брак без дозвола – одобрение донесено од надлежен суд, матичарот, согласно со чл. 24, став 2 од ЗС, со решение ќе го одбие склучувањето на бракот. Доколку пак, од кои било причини, дојде до склучување ваков брак, согласно со чл. 35 од ЗС, тој брак е ништовен. Согласно со чл. 36, став 1 од ЗС, тужба за поништување на бракот, пред судот, можат да поднесат брачните другари, јавниот обвинител, како и секое друго физичко и правно лице кое за тоа има правен интерес. [6]

4 B. and L. v. the United Kingdom - application 36536/02, ECtHR, 2005 [Section IV]

5 Член 21, став 2 од Законот за семејство, Службен весник на РСМ бр.153/2014.

6 Реферат на Боге Илиев, судија во Окружен суд Штип, Склучување брак и брачни пречки, Свршувачка, Реферати за републичко советување, Семејното законодавство на Република Македонија, во редакција и рецензија на д-р Кирил Чавдар, Врховен суд на Република Македонија, Скопје, мај 1994 година, страна 50.

Во предметот B.K. против Хрватска,[7] во став 99 од пресудата Судот повторува дека, иако правото на развод не произлегува од член 12 од Конвенцијата,[8] доколку националното законодавство дозволува развод, тоа на разведените лица им осигурува право на повторно стапување во брак, без неразумни ограничувања.[9] Во таа смисла Судот сметал дека е пропуст на домашните власти да ја спроведат постапката за развод во разумен рок, а тоа, под одредени околности, може да отвори прашања од член 12 од Конвенцијата.[10]

Во однос на дискриминацијата врз основа на пол, Судот навел дека унапредувањето на рамноправноста на половите денес е една од главните цели на државите-членки на Советот на Европа и би требало да се наведат многу значајни причини за таквата разлика во постапувањето да може да се смета за споива со Конвенцијата, особено затоа што упатувањето на традицијата, на општите претпоставки или на преовладувачките општествени ставови, во одредена држава, не се доволно оправдување за разлики во постапувањето врз основа на полот. На пример, во предметот кој се однесувал на задржување на моминското презиме по склучување на бракот, Судот утврдил дека важноста што му се придава на начелото на забрана на дискриминација ги спречува државите да наметнуваат традиции кои произлегуваат од примарната улога на мажот и секундарната улога на жената во семејството.[11] Судот, исто така, пресудил дека проблемот на стереотипите за одредени групи во општеството се наоѓа во фактот дека со тоа се забранува индивидуализирана проценка на способностите и на потребите на поединците.[12]

Нашиот „Законот за семејството" предвидува дека односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање (член 6, став 2). Член 12 од Конвенцијата не се применува на семејниот живот надвор од поимот брак, освен во однос на основање семејство. Покрај тоа, правото на основање семејство не произлегува од член 12 од Конвенцијата, кога не постои брак.

ВО МОМЕНТОВ КАЈ НАС НЕ ПОСТОИ МОЖНОСТ ДА СЕ СКЛУЧИ ИСТОПОЛОВ БРАК

Во пресудата O'Donoghue и други против Обединетото Кралство, од 2010 година,[13] Судот утврдил дека наметнувањето на такси на ниво коешто барателот не може да си го дозволи, може да ја наруши суштината на правото да се омажи, и дека таксата од 295 GBP била доволно висока за тоа.

Судот за прв пат го испитал прашањето дали две лица од ист пол може да тврдат дека имаат право на брак во случајот Шалк и Копф против Австрија.[14] Признавајќи дека институцијата брак има претрпено големи општествени промени по усвојувањето на Конвенцијата, Судот утврдил дека член 12 од Конвенцијата не им наметнува обврска на тужените држави да им дозволат на истополовите парови пристап до брак. Иако, според Конвенцијата, не постои право на истополов брак, Судот допуштил можност, во согласност со карактерот на Конвенцијата како „жив инструмент", правото на склучување брак, предвидено во член 12, да не мора во сите околности да биде ограничено на брак меѓу лица од спротивен пол.

7 B.K. против Хрватска .апликација број 38380/08, ЕСЧП,2012.

8 Види Johnston и други против Ирска, 18 декември 1986, став 54, Серија А број 112.

9 F. против Швајцарија, претходно цитиран, став 38.

10 Aresti Charalambous против Кипар, број 43151/04, став 56, 19. јули 2007.

11 Ünal Tekeli против Турција, став 63.

12 Carvalho Pinto de Sousa Morais против Португалија, став 46. и понатаму.

13 O'Donoghue and Others v. the United Kingdom, Application no.6 34848/07, ECtHR, 2010.

14 Предметот Schalk and Kopf v. Austria, апликација број 30141/04.

Имајќи ги предвид околностите релевантни за одлучување во овој случај, прашањето дали да се дозволи истополов брак или не било оставено на регулирање со националното право на државата-договорничка. Судот утврдил дека член 12 од Конвенцијата не ѝ наметнува обврска на тужената влада да им даде на истополовите парови, како што се апликантите, пристап до брак.[15]

Овој пристап бил потврден и во случаите Hämäläinen против Финска,[16] Oliari и други против Италија,[17] како и во Chapin и Charpentier против Франција.[18] Во овие случаи, во исто време, а во однос на различните домашни законодавства, Судот веќе утврдил дека граѓанските заедници даваат можност да се добие правен статус, еднаков или сличен на бракот во многу аспекти.

Во предметот Oliari и други против Италија, од 2015 година, иако повторил дека член 12 од Конвенцијата не ѝ наметнува обврска на тужената влада на истополовите парови да им овозможи пристап до брак, Судот утврдил повреда на член 8 од Конвенцијата, со тоа што италијанската држава ја пречекорила својата маргина на слободна проценка кога не им обезбедила на апликантите да имаат на располагање посебна правна рамка која предвидува признавање и заштита на истополовите заедници.

Во Chapin и Charpentier против Франција, од 2016 година, Судот повторил дека ниту член 12, ниту членот 14, во врска со член 8, кој е поопшт според целта и опфатот, не може да се толкуваат како наметнување обврска на државите-договорнички да склучат брак меѓу истополови двојки. Утврдувајќи дека нема прекршување на последново, тој истакнал дека жалителите можеле да склучат граѓанска заедница во Франција.

Во предметот Орланди и други против Италија, од 2017 година, апликантите склучиле истополови бракови во странство и побарале нивна регистрација во Италија. Судот утврдил дека во Европа нема консензус за регистрација на истополови бракови, склучени во странство, и забележал дека одбивањето да се регистрираат браковите на апликантите не ги лишило од ниту едно право, претходно признаено во Италија, и дека и понатаму тие сè уште можат да ги користат сите права и обврски стекнати преку бракот во државата во која го склучиле. Во исто време, Судот оценил дека одлуките со кои се одбива да се регистрира нивниот брак, во кој било облик во Италија, ги оставил апликантите во правен вакуум и со тоа државата не успеала да постигне правична рамнотежа според член 8, меѓу кои било спротиставени интереси и не успеал да обезбеди конкретна правна рамка за препознавање и заштита на истополовите заедници. Судот оценил дека е непотребно одделно да се испита жалбата според член 14, во врска со член 12 од Конвенцијата.

Во однос на истополовите бракови, Судот ги земал предвид континуираните меѓународни напори насочени кон правното признавање на истополовите заедници,[19] но на државите им оставал можност да го ограничат правото на склучување брак меѓу парови од различен пол.[20]

15 Ibid, para. 61-62.

16 Hämäläinen v. Finland, application no. 37359/09, став 83.

17 Oliari and Others v. Italy, application no. 18766/11 and 36030/11.

18 Chapin and Charpentier v. France, application no. 40183/07.

19 Oliari и други против Италија, ставови 178 и 180-185.

20 Schalk и Kopf против Австрија, став 108.

Во нашиов правен систем, во Уставот на РСМ, се предвидува дека државата обезбедува посебна грижа и заштита на семејството, а правните односи во бракот, семејството и во вонбрачната заедница се уредуваат со закон.[21]

Нашиот „Законот за семејството" е донесен на 22 декември 1992 година, а влезе во сила на 30 декември 1992 година. Со овој закон се регулира целокупноста на општествените односи во областа на бракот и семејството.

„Законот за семејството" бракот го определува како со закон уредена заедница на живот на маж и жена, во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството.

Во однос на условите за склучување брак, „Законот за семејството" предвидува дека „Брак можат да склучат две лица од различен пол, со слободно изјавена волја пред надлежен орган, на начин определен со закон".[22]

Тоа значи дека во Република Северна Македонија единствено признат брак кој може да се склучи пред надлежните институции во државата е бракот меѓу лица од различен пол. Во моментов не постои можност да се склучи истополов брак или некој друг вид регистрирано партнерство меѓу лица од ист пол.

Сепак, „Законот за спречување и заштита од дискриминација"[23] предвидува дека нема да се смета за дискриминација "различниот третман на лицата кои не се државјани на Република Северна Македонија, во врска со правата и слободите утврдени во Уставот на Република Северна Македонија и во законите и меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија, а кои непосредно произлегуваат од државјанството на Република Северна Македонија".[24]

Доколку тоа значи дека лицата кои не се државјани на РСМ, а кои според законите на државата чие државјанство го имаат, или имаат домицил во таа држава, стекнале одредени права или статус, како што е истополов брак или некој вид регистрирано партнерство, тогаш и нашава држава треба да обезбеди одредена правна рамка во која тие и понатаму ќе ги уживаат стекнатите права.

21 член 40 од Уставот на РСМ предвидува дека „Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон...".

22 член 15 од Законот за семејството. Во понатамошните членови, од 16 до 22 од ЗС, се предвидени условите под кои може да се склучи полноважен брак во РСМ.

23 Законот за спречување и заштита од дискриминација ,Службен весник на РСМ број 258/20.

24 Ibid, ;лен 7, став 3, точка 1.

ЗАКЛУЧОК

Бракот како институција, но и неговото правно нормирање, поминуваат низ процес на промени. Овие промени сé уште не се многу изразени во нашево општество, а уште помалку во законската регулатива, која, и покрај неколкуте промени, и натаму се засноваат врз „Законот за семејството“, донесен во 1992 година.

Тенденција е да се олеснуваат условите во однос на склучувањето и разводот на бракот. Во нашиов правен систем сродството по сватовство претставува отстранлива брачна пречка. Друго прашање е дали има направено анализа на случаите во кои било побарано од надлежниот суд да дозволи склучување брак помеѓу овие лица, во кои било дозволено, а во кои не, и кои биле причините кои судот ги сметал за оправдани.

Уште посложено е прашањето за истополовите бракови или за регистрираните партнерства, бидејќи нашево општество досега нема покажано подготвеност да прифати вакви законски решенија.

Практиката на Европскиот суд за човекови права покажува дека, иако Судот тоа децидно не го бара, сепак остава простор државите сами да го регулираат ова прашање и прифаќа ако тоа значи склучување истополов брак или регистрирано партнерство. Во предметот „Орланди и други против Италија“, од 2017 година, апликантите склучиле истополов брак во странство, но Судот утврдил дека одлуките, со кои се одбива да се регистрира нивниот брак во кој било облик во Италија, ги оставил апликантите во правен вакуум и со тоа државата не успеала да постигне правична рамнотежа според член 8 од Конвенцијата.

Оттаму, прашање на време е кога некое од погоре наведениве прашања ќе се постави и пред нашите институции, а дотогаш,тие ќе треба да имаат подготвен одговор.

(Авторката е адвокат и насловен доцент на Факултетот за правни науки при Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе)

УЛОГАТА НА КОМУНИКАЦИЈАТА ВО ПРОМОВИРАЊЕТО НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ВО ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Комуникацијата игра клучна улога за унапредувањето на човековите права и за владеењето на правото. Таа им овозможува на граѓаните да учествуваат во демократските процеси, да ја градат свеста за прашањата за човековите права, да добијат правни информации и услуги и да бараат отчетност од државните органи. Оттаму, од суштинско значење е Владата на Северна Македонија да го унапреди и заштити правото на слобода на изразување и да обезбеди граѓаните да имаат пристап до веродостојни и точни информации.

ХАВА МУСТАФА

АПСТРАКТ

Во овој труд се истражува улогата на комуникацијата во унапредувањето на човековите права и во владеењето на правото во Република Северна Македонија, при тоа сосредоточувајќи се на начините на кои комуникацијата им овозможува на граѓаните да учествуваат во демократските процеси и да добијат правни услуги. Воедно, се истражува и како комуникацијата им овозможува на граѓаните да учествуваат во демократските процеси, да добијат правни информации и услуги, да ги повикаат државните органи на одговорност и да ја градат свеста за прашањата поврзани со човековите права.

Улогата на комуникацијата во унапредувањето на човековите права и на владеењето на правото е широко препознаена од научниците и практичарите. Во Северна Македонија комуникацијата е од суштинска важност за граѓаните да го изразат своето мислење, да учествуваат во процесите на носење одлуки и да бараат одговорност од власта.

За да обезбеди сеопфатна анализа на темава, истражувачкиов труд црпи податоци од различни извори како што се академска литература, извештаи и правни документи. Наодите укажуваат дека комуникацијата игра клучна улога во унапредувањето на човековите права и на владеењето на правото во Северна Македонија и дека Владата мора да преземе чекори за да го заштити и промовира правото на слобода на изразување.

Клучни зборови: комуникација, човекови права, владеење на правото, Северна Македонија, отчетност

ВОВЕД

Комуникацијата е основно човеково право коешто е втемелено во Универзалната декларација за човекови права (1948 година).[1] Правото на слобода на изразување им овозможува на поединците да ги изразат своите мислења, да споделуваат информации и да учествуваат во процесите на носење одлуки коишто влијаат врз нивните животи. Во Северна Македонија правото на слобода на изразување е заштитено со Уставот, кој на секој поединец му гарантира право слободно да ги изразува своите мислења и идеи. Во овој истражувачки труд се разгледува улогата на комуникацијата во унапредувањето на човековите права и на владеењето на правото во Северна Македонија, а се истражува и на кој начин комуникацијата им овозможува на граѓаните да учествуваат во демократските процеси, да добијат правни информации и услуги, да ги повикаат властите на одговорност и да ја подигнат свеста за сите прашања поврзани со човековите права.

1 Универзалната декларација за човековите права (УДЧП) е фундаментот во историјата на човековите права. Како документ срочен од претставници со различно правно и културно наследство од сите страни на светот, декларацијата ја донесе Генералното собрание на Обединетите нации во Париз, на 10 декември 1948 г. (Резолуција на Генералното собрание 217 А) и претставува заеднички стандард за постигнувањата на сите народи и сите нации. Декларацијата, за првпат ги постави и универзално ги заштити темелните човекови права. Преведена е на преку 500 јазици.

I. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА

Во литературата што ја обработува улогата на комуникацијата при застапувањето на човековите права и владеењето на правото во Северна Македонија се укажува дека комуникацијата игра суштинска улога во промовирањето на транспарентноста и отчетноста на Владата и во овозможувањето граѓаните да пристапат до правни информации и услуги. Медиумите, граѓанските организации и бранителите на човековите права применуваат различни облици на комуникација за да ја градат свеста за кршењето на човековите права и да се застапуваат за човековите права. Во Северна Македонија постојат многу граѓански организации што работат на унапредување на човековите права низ различни облици на комуникација, какви што се социјалните медиуми, веб-страниците и публикациите. [2]

Според извештајот на Фридом Хаус[3] во последниве години Северна Македонија постигнала напредок во унапредувањето на слободата на изразување и слободата на медиумите. Во Извештајот се забележува дека Владата презела чекори за унапредување на транспарентноста и отчетноста, вклучително и со усвојувањето на новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, во 2019 година. Во Извештајот се посочува дека граѓанските организации имаат клучна улога во унапредувањето на човековите права и на отчетноста на Владата.

Центарот за правна помош и поддршка е една од организациите што работат на унапредување на владеењето на правото во Северна Македонија. Организацијата обезбедува правни информации и услуги за граѓаните, меѓу другото и преку веб-страницата и хотлајн телефонската линија. Исто така, работи и на градење на свеста за прашањата за човековите права и се застапува за отчетност на Владата. Според веб-страницата на организацијата (2019 година),[4] била обезбедена правна помош на преку 3.000 граѓани во Северна Македонија.

II. МЕТОДОЛОГИЈА

За да обезбеди сеопфатна анализа за улогата на комуникацијата во унапредувањето на човековите права и за владеењето на правото во Северна Македонија овој истражувачки труд црпи податоци од различни извори, како академска литература, извештаи и правни документи.

Во истражувачкиов труд се применува квалитативната методологија на истражување којашто се потпира на повеќе извори, а сè со цел да обезбеди детална анализа на темава.

2 *https://www.oecd-ilibrary.org/sites/4efba625-en/index.html?itemId=/content/component/4efba625-en*

3 Freedom House (2021). Северна Македонија. Земено од *https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2021*

4 Центар за правна помош и поддршка (2019). За нас. Земено од *https://www.pravno-lice.com.mk/about-us/*

III. КОМУНИКАЦИЈАТА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Правото на слобода на изразување е втемелено во Универзалната декларација за човекови права и е заштитено со Уставот на Северна Македонија.[5] Комуникацијата е од суштинско значење за унапредувањето на човековите права, бидејќи му овозможува на поединецот да го изрази своето мислење, да гради свест за прашањата за човековите права и да бара одговорност од државните органи. Медиумите, граѓанските организации и бранителите на човековите права користат различни облици на комуникација за да се застапуваат за човековите права и да ја градат свеста против злоупотребата на моќта со која се кршат истите.

Во Северна Македонија постојат многу граѓански организации што работат на унапредување на човековите права низ различни облици на комуникација. На пример, македонскиот Хелсиншки комитет за човекови права[6] ги користи своите веб-страници и профили на социјалните мрежи за да ја подигне свеста за прашањата за човековите права и да се застапува за правата на ранливите групи. На сличен начин Здружението на новинари на Македонија[7] ја користи својата платформа за да се застапува за слободата на изразување и заштита на правата на новинарите.

IV. КОМУНИКАЦИЈАТА И ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

Комуникацијата е од суштинско значење за промовирање на владеењето на правото во Северна Македонија, бидејќи на граѓаните им овозможува да добијат пристап до правни информации и услуги и да ги осознаат своите права. Правниот систем може да биде сложен, а граѓаните не секогаш ги знаат своите права или како да добијат правни услуги. Комуникацијата им овозможува на поединците да добијат правни информации, да ги осознаат своите права и да добијат пристап до правни услуги. Во Северна Македонија постојат многу организации за правна помош коишто применуваат различни облици на комуникација - како хотлајн телефонски линии, веб-страници и социјални медиуми, за граѓаните да добијат правни информации и услуги.

Понатаму, комуникацијата е од суштинска важност и при барањето отчетност од државните органи. Во демократско општество државните органи се одговорни пред граѓаните на кои им служат. Комуникацијата им овозможува на граѓаните да ја повикаат власта на одговорност, бидејќи обезбедува информации за владините политики и активности и овозможува граѓаните да ги изразат своите грижи и барања. Комуникацијата е од суштинска важност за унапредување на транспарентноста и отчетноста на владата во Северна Македонија. Медиумите, граѓанските организации и бранителите на човековите права применуваат различни облици на комуникација за да ги следат владините активности и да ги повикаат државните органи на одговорност за каква било злоупотреба на моќта.

5 Устав на Република Северна Македонија, 1991, *https://www.sobranie.mk/the-constitution-of-the-republic-of-macedonia-ns_article-constitution-of-the-republic-of-north-macedonia.nspx*

6 Македонски Хексиншки комитет за човекови права. Земено од *http://www.mhc.org.mk/*

7 Здружение на новинарите на Македонија. Земено од *https://znm.org.mk/*

V. НАОДИ

Наодите укажуваат дека комуникацијата игра суштинска улога во унапредувањето на човековите права и на владеењето на правото во Северна Македонија. Комуникацијата им овозможува на граѓаните да учествуваат во демократските процеси, да добијат правни информации и услуги, да бараат одговорност од власта и да ја подигнат свеста за прашањата за човековите права. Медиумите, граѓанските организации и бранителите на човековите права применуваат различни облици на комуникација за да ги унапредат човековите права и да се застапуваат за транспарентност и отчетност на Владата.

Наодите, исто така, сугерираат дека Владата на Северна Македонија мора да преземе чекори за заштита и унапредување на правото на слобода на изразување. Владата треба да им обезбеди на граѓаните пристап до веродостојни и точни информации, да ја унапреди слободата на медиумите и својата транспарентност.

ЗАКЛУЧОК

Може да заклучиме дека комуникацијата игра клучна улога во унапредувањето на човековите права и за владеењето на правото во Северна Македонија. Комуникацијата им овозможува на граѓаните да учествуваат во демократските процеси, да ја градат свеста за прашањата за човековите права, да добијат правни информации и услуги и да бараат отчетност од државните органи. Оттаму, од суштинско значење е Владата на Северна Македонија да го унапреди и заштити правото на слобода на изразување и да обезбеди граѓаните да имаат пристап до веродостојни и точни информации. На тој начин Северна Македонија може да ги унапреди човековите права и владеењето на правото и да се погрижи нејзините граѓани да можат целосно да учествуваат во демократските процеси и да бараат одговорност од власта.

(Авторката е кандидат на докторски студии - медиуми и комуникација - Факултет за јазици, култури и комуникација - Универзитет на Југоисточна Европа)

THE ROLE OF COMMUNICATION IN PROMOTING HUMAN RIGHTS AND THE RULE OF LAW IN NORTH MACEDONIA

Communication plays a key role in the advancement of human rights and the rule of law. It enables citizens to participate in democratic processes, build awareness of human rights issues, obtain legal information and services, and demand accountability from state authorities. Therefore, it is essential that the Government of North Macedonia to promotes and protects the right to freedom of expression and ensures that citizens have access to reliable and accurate information.

HAVA MUSTAFA

ABSTRACT

This research paper examines the role of communication in promoting human rights and the rule of law in North Macedonia, with a focus on the ways in which communication enables citizens to participate in democratic processes and access legal services.

It explores how communication enables citizens to participate in democratic processes, access legal information and services, hold authorities accountable, and raise awareness about human rights issues.

The role of communication in promoting human rights and the rule of law has been widely recognized by scholars and practitioners alike. In North Macedonia, communication plays a crucial role in enabling citizens to express their opinions, participate in decision-making processes, and hold authorities accountable.

The research paper draws upon a variety of sources, including academic literature, reports, and legal documents, to provide a comprehensive analysis of the topic.

The findings suggest that communication plays a crucial role in promoting human rights and the rule of law in North Macedonia, and that the government must take steps to protect and promote the right to freedom of expression.

Keywords: Communication, human rights, rule of law, North Macedonia, accountability,

INTRODUCTION

Communication is a fundamental human right that is enshrined in the Universal Declaration of Human Rights (1948).[1] The right to freedom of expression enables individuals to express their opinions, share information, and participate in decision-making processes that impact their lives. In North Macedonia, the right to freedom of expression is protected by the Constitution, which guarantees every individual the right to express their opinions and ideas freely. This research paper examines the role of communication in promoting human rights and the rule of law in North Macedonia. It explores how communication enables citizens to participate in democratic processes, access legal information and services, hold authorities accountable, and raise awareness about human rights issues.

LITERATURE REVIEW

The literature on the role of communication in promoting human rights and the rule of law in North Macedonia suggests that communication plays a crucial role in promoting government transparency and accountability, and in enabling citizens to access legal information and services. The media, civil society organizations, and human rights defenders use various forms of communication to raise awareness about human rights abuses and to advocate for human rights. In North Macedonia, there are many

1 The Universal Declaration of Human Rights (UDHR) is a milestone document in the history of human rights. Drafted by representatives with different legal and cultural backgrounds from all regions of the world, the Declaration was proclaimed by the United Nations General Assembly in Paris on 10 December 1948 (General Assembly resolution 217 A) as a common standard of achievements for all peoples and all nations. It sets out, for the first time, fundamental human rights to be universally protected and it has been translated into over 500 languages.

civil society organizations that work to promote human rights through various forms of communication, including social media, websites, and publications.[2]

According to a report by Freedom House,[3] North Macedonia has made progress in promoting freedom of expression and media freedom in recent years. The report notes that the government has taken steps to promote transparency and accountability, including by adopting a new law on free access to public information in 2019. The report also notes that civil society organizations have played a crucial role in advocating for human rights and promoting government accountability.

The Centre for Legal Aid and Assistance is one of the organizations that work to promote the rule of law in North Macedonia. The organization provides legal information and services to citizens, including through its website and hotline. The organization also works to raise awareness about human rights issues and to advocate for government accountability. According to the organization's website (2019),[4] it has provided legal assistance to over 3,000 citizens in North Macedonia.

METHODOLOGY

This research paper draws upon a variety of sources, including academic literature, reports, and legal documents, to provide a comprehensive analysis of the role of communication in promoting human rights and the rule of law in North Macedonia. The research paper uses a qualitative research methodology, drawing upon a range of sources to provide a detailed analysis of the topic.

COMMUNICATION AND HUMAN RIGHTS

The right to freedom of expression is enshrined in the Universal Declaration of Human Rights and is protected by the Constitution of North Macedonia.[5] Communication is crucial for promoting human rights as it enables individuals to express their opinions, raise awareness about human rights issues, and demand accountability from authorities. The media, civil society organizations, and human rights defenders use various forms of communication to advocate for human rights and raise awareness about human rights abuses.

In North Macedonia, there are many civil society organizations that work to promote human rights through various forms of communication. For example, the Macedonian Helsinki Committee for Human Rights[6] uses its website and social media accounts to raise awareness about human rights issues and advocate for the rights of vulnerable groups. Similarly, the Association of Journalists of Macedonia[7] uses its platform to promote freedom of expression and protect the rights of journalists.

2 *https://www.oecd-ilibrary.org/sites/4efba625-en/index.html?itemId=/content/component/4efba625-en*

3 Freedom House (2021). North Macedonia. *https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2021*

4 Centre for Legal Aid and Assistance (2019). About us. *https://www.pravno-lice.com.mk/about-us/*

5 *https://www.sobranie.mk/the-constitution-of-the-republic-of-macedonia-ns_article-constitution-of-the-republic-of-north-macedonia.nspx*

6 Macedonian Helsinki Committee for Human Rights, *http://www.mhc.org.mk/*

7 Association of Journalists of Macedonia, *https://znm.org.mk/*

COMMUNICATION AND THE RULE OF LAW

Communication is essential for promoting the rule of law in North Macedonia as it enables citizens to access legal information, understand their rights, and access legal services. The legal system can be complex, and citizens may not always be aware of their rights or how to access legal services. Communication enables individuals to access legal information, understand their rights, and access legal services. In North Macedonia, there are many legal aid organizations that use various forms of communication, including hotlines, websites, and social media, to provide legal information and services to citizens.

Moreover, communication is crucial for holding authorities accountable. In a democratic society, authorities are accountable to the citizens they serve. Communication enables citizens to hold authorities accountable by providing information about government policies and actions, and by enabling citizens to express their concerns and demands. In North Macedonia, communication plays a crucial role in promoting government transparency and accountability. The media, civil society organizations, and human rights defenders use various forms of communication to monitor government actions and to hold authorities accountable for any abuses of power.

FINDINGS

The findings suggest that communication plays a crucial role in promoting human rights and the rule of law in North Macedonia. Communication enables citizens to participate in democratic processes, access legal information and services, hold authorities accountable, and raise awareness about human rights issues. The media, civil society organizations, and human rights defenders use various forms of communication to promote human rights and to advocate for government transparency and accountability.

The findings also suggest that the government of North Macedonia must take steps to protect and promote the right to freedom of expression. The government should ensure that citizens have access to reliable and accurate information, and should promote media freedom and government transparency.

CONCLUSION

In conclusion, communication plays a crucial role in promoting human rights and the rule of law in North Macedonia. Communication enables citizens to participate in democratic processes, raise awareness about human rights issues, access legal information and services, and hold authorities accountable. Therefore, it is essential for the government of North Macedonia to promote and protect the right to freedom of expression and to ensure that citizens have access to reliable and accurate information. By doing so, North Macedonia can promote human rights and the rule of law, and ensure that its citizens can fully participate in democratic processes and hold authorities accountable.

(The author is PhD candidate in Media and Communication - Faculty of Languages, Cultures and Communication South East European University)

ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА „ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО“

Етичкиот кодекс не претставува само морално вреднување на нештата, од аспект на формализирање на правилата, туку претставува и кодекс на правила кои се насочени кон максимално генерирање позитивна атмосфера за работа, прецизен однос кон нештата и искрен и почитувачки однос кон граѓаните, независно дали учествуваат или не во постапката.

ТОМЕ ДЕЛОВ

АПСТРАКТ

Овој труд го обработува Етичкиот кодекс за Јавното обвинителство, како институција со специфично утврдени правила на однесување. Во воведниот дел е претставен историскиот развој и еволуцијата на Јавното обвинителство.

Низ текот на темата ќе биде претставен Етичкиот кодекс во државата Мисури, во САД, преку кој ќе се анализираат и етичките кодекси во останатите држави во САД.

Предмет на истражувањето е и Етичкиот кодекс на судиите и јавните обвинители во Италија, кој носи име „Етички кодекс на судиите во Италија".

Главен акцент е ставен на компаративниот преглед на европските аспекти на кодексот на етика и однесување на јавните обвинители во Република Северна Македонија, како и на она што е потребно нашата држава да го има за да може да се окарактеризира како држава во која Јавното обвинителство, како институција, би уживало високи морални вредности.

Во заклучните согледувања ќе биде наметнато прашањето за органот кој го донесува етичкиот кодекс во Република Северна Македонија.

Клучни зборови: јавно обвинителство, етички, кодекс, правила на однесување, здружение.

1.ВОВЕД

Јавното обвинителство е неопходна карактеристика на современото администрирање на кривичната постапка. Во денешно време луѓето се убедени дека, кога ќе биде сторено кривично дело, јавниот обвинител е тој кој ќе ја преземе одговорноста за доведување на осомничениот сторител пред судот. Јавното обвинителство, какво што го знаеме денес, сепак, е производ на долга еволуција. Со векови криминалот бил приватна работа која требало да ја решава оштетената страна.

Во античко време и во раниот среден век приватната одмазда била доминантна форма на одговор на криминалот. Со појавата на судот, приватната одмазда и порамнувањето биваат заменети со судско решавање на спорот.

Со напуштањето на архаичните методи на докажување Англичаните и народите од стариот континент поаѓаат во потрага по алтернативни, односно порационални начини за утврдување на вина или невиност.

Во однос на начинот на обвинување, Англија, во наредните шестотини години, се задржала на приватното гонење, додека, од друга страна, на европскиот континент се одлучуваат за институцијата Јавно обвинителство.Токму овој орган ја презема доминантната улога во гонењето на сторителите на кривични дела и на други, со закон казниви казниви дела.[1]

Преку овој труд ќе се обидам да ги прикажам токму тие воспоставени правила на игра, односно на Етичкиот кодекс кој е составен токму за оваа институција.

1 Yue Ma, John Jay, 'Exploring the origins of public prosecution', (2008) Georgia State University,стр. 190,191.

2. НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО МИСУРИ, САД

2.1 ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ

Обвинителот е независен администратор на правдата. Примарна одговорност на обвинителот е да ја бара правдата, што може да се постигне само со застапување и презентација на вистината.

2.2 ОПШТЕСТВЕНИ И ИНДИВИДУАЛНИ ПРАВА И ИНТЕРЕСИ

Обвинителот треба ревносно да ги штити правата на поединци, но без претставување на кое било лице како клиент. Обвинителот, во вршењето на јавнообвинителската функција, треба да ги стави правата и интересите на општеството во доминантна позиција во поединечните случаи.[2]

2.3 СТАНДАРДИ НА ОДНЕСУВАЊЕ

Обвинителот треба да се однесува со високо ниво на достоинство и интегритет во сите професионални односи, во и надвор од судот. Соодветното однесување вклучува, но не се ограничува само на:

- Обвинителот треба да се однесува со искреност, добра волја и учтивост во сите професионални односи;
- Обвинителот треба да се однесува со интегритет во сите комуникации, интеракции и договори со бранителот од спротивната страна.[3]

Во горенаведените стандарди јасно и недвосмислено се покажува улогата на јавниот обвинител како активен чинител во процесот на донесувањето правилна, законита и фер одлука. Во ситуација кога обвинителот одлучува за предмет, каде индивидуалните или групните интереси се силно нагласени, за сметка на интересите на општествената средина, неговиот цврст став и недвосмислено постапување треба да дојдат до израз. Низ начинот на однесување на индивидуата се претставува имиџот за целата организација, во случајов Јавното обвинителство.

Фактот дека обвинителот не ги застапува само интересите само на оштетената страна, односно на жртвата на кривичното дело, туку и на општествениот интерес во целост, му даваат дополнителна одговорност и обврска да биде посветен кон објективно трагање по вистината.

Во поглед на неговиот однос со сите засегнати страни во кривичните процеси, основна максима за обвинителот е целосно почитување на личноста на секој поединец, без разлика која е неговата улога.

2.4 ОДНОСИ СО СУДОТ

Обвинителот во секое време треба да покаже соодветна почит кон правосудниот систем и кон судот воопшто. Тој треба енергично да ги претстави сите соодветни начини на аргументирање. Обвинителот не смее да бара нефер влијание во соодвениот курс на правдата - преку давање предност низ какви било лични односи со судијата или со ангажирање во каква било комуникација со судијата, освен доколку за тоа е овластен со закон или со судски налог.[4]

2 National District Attorneys Association, National Prosecution Standards ***http://www.prosecutors.mo.gov/Files/MAPA%20Docs/NDAA%20Prosecution%20Standard%203rd.pdf***, стр.2

3 Ibid, стр. 5.

4 Ibid, стр.24, 26.

2.5 ОДНОСИ СО ЖРТВАТА

Жртвите на насилни кривични дела, сериозни кривични дела или какви било активности каде жртвата може да биде предмет на физички или други форми на реваншизам, треба да бидат информирани за сите важни фази на постапката. Специјална помош треба да се обезбеди на децата, за жртвите на семејно насилство и за нивните фамилии, кога тоа е можно.

2.6 ОДНОСИ СО МЕДИУМИТЕ

Обвинителот треба да настојува да одржува односи со медиумите кои ќе го олеснат соодветниот проток на информации до и од јавноста. Обвинителот треба да обезбеди доволно информации за јавноста, така што граѓаните да имаат можност да дознаат дека наводниот сторител на кривично дело е уапсен и дека постојат доволно компетентни докази со кои може да се продолжи со гонење.[5]

Посебно сериозен и внимателен пристап Обвинителството треба да има со жртвите на кривични дела, а особено со децата, кога се жртви на кривично дело. Веднаш штом се укаже можност Обвинителството е должно да ги известува за секоја промена во постапката, постојано внимавајќи на нивната позиција во постапката и максимално уважувајќи ги нивните права, со крајно внимателно постапување, со цел да се спречи останување долготрајни последици и трауми од случајот.

Што се однесува до односот со медиумите, Обвинителството треба да ја штити презумпцијата на невиност на обвинетиот, а во исто време да ја известува јавноста за текот на постапката и за успехот во неа. Само етички добро потковани обвинители, со вистински прифатени вредности, можат доследно да одговорат на наведениве задачи.

3.ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА СУДИИ ВО ИТАЛИЈА

Етичкиот кодекс за судии во Италија е усвоен од италијанското здружение за судии и јавни обвинители. а во него италијанскиот збор „magistrati“ е преведен како „судии и јавни обвинители“. Судиите и јавните обвинители се избираат на ист начин, дел се од исто тело и уживаат ист статус.[6]

3.1 ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

Во јавниот живот судиите и јавните обвинители треба да се однесуваат со дигнитет, коректност и почитување на интересите на јавноста. При извршувањето на своите должности, како и при остварувањето на каква било друга активност која се однесува на нивната професија, судиите и јавните обвинители треба да се однесуваат во согласност со вредностите на лична несебичност, независност и непристрасност.

3.2 ЗАБРАНА ЗА ОДДАВАЊЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ ИНФОРМАЦИИ

На судиите и на јавните обвинители не им е дозволено да пласираат несоодветна употреба на какви било информации кои се однесуваат на нивните функции.

5 Ibid, стр.31,39.

6 http://www.cejamericas.org

3.3 ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЈА

Судиите и јавните обвинители не смеат да бидат членови во здруженија кои бараат свечена заклетва на верност или кои не обезбедуваат целосна траспарентност за учеството на нивните членови.[7]

3.4 ДОЛЖНОСТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ (ОДНОСНО НА ГЛАВНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ)

Судиите или јавните обвинители кои ги вршат работите како претпоставени, треба да се грижат за организирањето и користењето на функцијата, како и на човечките ресурси, за да може да се постигнуваат подобри резултати, земајќи го предвид јавниот интерес и сервис што овие институции го обезбедуваат.[8] Тие треба да го надгледуваат однесувањето на нивните колеги, како и на останатиот административен персонал и евентуално да интервенираат во начинот на нивното функционирање, со цел да се спречи какво било неправилно однесување.[9]

Постоењето на единствен Етички кодекс за судии и јавни обвинители во Италија е во насока на заедничкото валоризирање на двете институции од областа на правосудството, преку унифицирањето на заедничкиот Етички кодекс.

Имено, судиите и јавните обвинители припаѓаат на иста класа во институција на правосудниот систем и иако примарна надлежност на судиите е независно и непристрасно да донесат правилна и законита одлука, а јавните обвинители имаат надлежност како единствен и самостоен орган да ги гонат сторителите на кривични дела, сепак, припадниците во овие институции, во своите односи, тргнуваат од иста базична основа.

Посебно се истакнува нивната резервираност во поглед на средствата за масовно информирање, со нагласок дека давањето какви било информации од професионален аспект мора да биде целосно подредено на идејата за зачувување на професионализмот.

4. ЕВРОПСКИ ДИРЕКТИВИ ЗА ЕТИКАТА И ОДНЕСУВАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ, НАСПРОТИ ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4.1 ЕВРОПСКИ ДИРЕКТИВИ ЗА ЕТИКАТА И ОДНЕСУВАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

4.1.1 Основни надлежности

Јавните обвинители треба во секое време и под секакви околности:

- да ги извршуваат своите надлежности, вклучувајќи ја и надлежноста да преземаат акција, секогаш во согласност со домашното и меѓународното право; своите функции да ги вршат фер, непристрасно, континуирано и ефективно.[10]

7 Ibid, стр.2

8 Ibid, стр.4 и 5

9 Ibid

10 Council of Europe, Group of States against Corruption *https://www.coe.int/t/dghl/monitoring/greco/evaluations/round4/Budapest_guidelines_EN.pdf* , стр.2

4.1.2 Професионално однесување во целина

Јавните обвинители треба во секое време да се придржуваат до највисоките професионални стандарди, односно:

практикување на функциите врз основа на тежината на фактите и во согласност со правото, ослободени од надворешни влијанија.[11]

4.1.3 Професионално однесување во рамки на кривичната постапка

Кога дејствуваат во рамки на кривичната постапка, јавните обвинители треба во секое време:

да се придржуваат кон принципот на фер судење, загарантиран со член 6 од Европската конвенција за човекови права и во прецедентното право на Европскиот суд за човекови права;

4.1.4 Однесување во приватниот живот

Јавните обвинители треба етички да се однесуваат и во приватниот живот:

јавните обвинители не треба да ги доведуваат во прашање нивниот интегритет, чесност, непристрасност преку активности во нивниот приватен живот;

јавните обвинители треба да се однесуваат на тој начин што да и влејат доверба на јавноста за нивната професија.[12]

4.2 ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Јавните обвинители, во извршувањето на својата должност, во односите со другите органи, со странките и со граѓаните, во јавноста, како и во меѓусебните односи се должни да се придржуваат до следниве начела:

- начелото на законитост;
- начелото на непристрасност;
- начелото на трудољубивост и стручно постапување;
- начелото на чесност и неподмитливост;
- начелото на професионалност;
- начелото на достоинство;
- начелото на воздржаност.

4.2.1 Законитост

Јавните обвинители се должни да постапуваат законито и стручно, во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, со законите, со ратификуваните меѓународни договори во согласност со Уставот и другите подзаконски акти, така што законитоста и правилноста на нивните одлуки да можат да се проверат и секогаш да можат да се утврдат причините поради кои се донесени таквите одлуки.

11 Ibid, стр.3

12 Ibid, стр.3 и 4

4.2.2 Чесност и неподмитливост

Јавните обвинители не смеат да ја користат својата службена положба и углед заради остварување на имотна и друга корист за себе или за други, не смеат да примаат подароци и бесплатни услуги, ако со тоа може да ја доведат во прашање нивната непристрасност и објективност.

4.2.3 Односи и соработка во Јавното обвинителство

Јавните обвинители, пред преземање на одредена работа или одлука за која сметаат дека може да биде заинтересирана јавноста или ќе влијае на угледот и положбата на Јавното обвинителство, треба за тоа да го известат претпоставениот, односно повисокиот јавен обвинител.

4.2.4 Односи со судот

Јавните обвинители при застапувањето пред судовите и во секојдневната комуникација со судот се должни да го почитуваат и да го чуваат достоинството на судот, своето лично достоинство и достоинството на јавното обвинителство.

4.2.5 Однос со спротивната страна

Јавните обвинители се должни да постапуваат искрено и чесно со спротивната страна, секогаш да бидат отворени за спогодба со неа, внимавајќи при тоа на интересите на државата и на другите странки кои ги застапуваат во постапката.

4.2.6 Етички совет

Заради надзор на почитувањето и толкувањето на Етичкиот кодекс се основа Етички совет кој го сочинуваат претседател и четири членови од редот на јавните обвинители.[13]

Анализирајќи ги европските директиви за етиката на јавните обвинители веднаш можеме да нотираме дека јавните обвинители во нивното постапување мораат да посветат подеднаква важност, како на домашното, така и на меѓународното право.

Друг значаен аспект од нивното функционирање е начелото кое јасно нотира дека обвинителите, во предметите кои ги застапуваат, секогаш треба да се водат од фактите и доказите во поткрепа на тие факти, притоа одбегнувајќи секаков надворешен притисок.

Етички добро поткован обвинител мора да се придржува и да го почитува член 6 од Европската конвенција за човекови права, принципот на фер судење, како би се задоволиле сите минимални права на обвинетиот.

Однесувањето на јавните обвинители во приватниот живот е подеднакво значајно, како што е значајно и нивното однесување во текот на работното време. Од нив се очекува во секоја ситуација да се однесуваат со воздржаност, одлучност, промисленост, не доведувајќи го во прашање својот углед, статус и општествена улога.

Во однос на Етичкиот кодекс за јавните обвинители во Република Северна Македонија, можеме да забележиме дека повеќе аспекти од функционирањето на јавните обвинители се опфатени.

13 Етички кодекс на јавните обвинители во Република Македонија, подзаконски акт, Службен весник бр.194/2014, 25.12.2014.

Главното прашање што се поставува, анализирајќи го Етичкиот кодекс за јавните обвинители во Република Северна Македонија и нивното однесување во практиката е: Дали воопшто се почитува Етичкиот кодекс за јавните обвинители во Република Северна Македонија, и ако се почитува, во колкав обем?

За жал, од моето скромно искуство како приправник во Основното јавно обвинителство, можам да заклучам дека одговорот е негативен, а ако би сакале да извлечеме некаков позитивен заклучок, тогаш степенот на имплементација на Етичкиот кодекс меѓу јавните обвинители е многу мал. Ова не го пишувам случајно. Во член 2 од Етичкиот кодекс за јавните обвинители на РМ е содржано начелото на непристрасност и независност. Понатаму стои дека „јавните обвинители не смеат да имаат непримерни врски со законодавната и извршната власт, ниту да дозволат влијание од нивна страна".

Јавните обвинители не само што не треба да имаат непримерни врски со законодавната и извршната власт, туку тоа треба да биде и видливо за јавноста, односно јавноста да нема сомневање за (не)постоењето на такви врски и влијанија.

Доколку би направиле споредба на Европските директиви за етика и однесување на јавните обвинители и нашиот Етички кодекс, ќе забележиме дека ние нормативно – правно во добар дел сме ги прифатиле сугестиите и упатствата на европските институции и тоа сме го вметнале во нашето законодавство. Поразителноста доаѓа од неадекватната примена во практиката, од целосното непочитување и грубото занемарување на Кодексот од оние кои треба да го почитуваат и спроведуваат. Потребно е многу труд и енергија, влог од сите засегнати страни, како би успеале во намерата да имаме сериозна институција.

5. ЗАКЛУЧОК

Од целокупното истражување за наведенава тема несомнено се доаѓа до заклучокот дека Етичкиот кодекс во Јавното обвинителство зазема многу значајно место во вкупните односи на институцијата. Од целокупното мое истражување заклучоците ги извлекував со сериозна анализа на предметната тема во секоја од наведените држави, за на крај да ставам акцент на македонскиот Етички кодекс за јавните обвинители.

Прво прашање кое ми побуди дилема уште додека го разработував заедничкиот Етички кодекс за судии и јавни обвинители во Италија, а потоа и македонскиот Етички кодекс, беше органот којшто го донесува Етичкиот кодекс за јавните обвинители во односните држави. Имено, во Италија Етичкиот кодекс за судии и јавните обвинители го донесува Здружението на судии и јавни обвинители, а Етичкиот кодекс за јавните обвинители на Република Северна Македонија го донесува Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Здружението на судии и јавни обвинители во Италија, несомено, претставува непрофитабилна, невладина, независна асоцијација која се стреми за целосна афирмација на дигнитетот, вредностите и интегритетот на јавните обвинители. Како најсоодветен орган, чијашто задача е токму во поглед на зацврстувањето на статусот на јавните обвинители, негова задача е одбраната за органот кој ќе го донесува Етичкиот кодекс за судиите и јавните обвинители.

Но, каква е ситуацијата по ова прашање во Република Северна Македонија?

Зошто државниот јавен обвинител го донесува Етичкиот кодекс за јавните обвинители на РМ?

Здружение на јавни обвинители постои и во Република Северна Македонија. Една од основните цели на ова здружение е јакнењето и унапредувањето на општествениот статус и угледот на професијата јавен обвинител.

Останува отворено прашањето зошто не му се остави водечката улога на ова здружение во донесувањето на Етичкиот кодекс за јавните обвинители во Република Северна Македонија?

Сосема на крај, Етичкиот кодекс не претставува само морално вреднување на нештата од аспект на формализирањето на правилата. Тој претставува кодекс на правила кои се насочени кон максимално генерирање на позитивната атмосфера за работа, прецизен однос кон нештата и искрен и почитувачки однос кон граѓаните, независно дали учествуваат или не во постапката.

(Авторот е докторанд на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје)

ПРАВАТА НА ОБВИНЕТИОТ ВО ПОСТАПКА ЗА СПОГОДУВАЊЕ

Сложена задача на законодавецот е да постави разумни и објективни услови за спогодување со кои би се заштитиле правата на обвинетиот. Наспроти сфаќањата дека со спогодувањето се кршат човековите права, постои согласност на обвинетиот за склучување спогодба, кога тој, самостојно, разумно и доброволно би оценил дека за него е поповолно да се откаже од своите права, кои би ги имал во редовна постапка, за сметка на тоа што ќе го добие со спогодбата.

МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА

АПСТРАКТ

Спогодувањето, како еден од најконтроверзните институти на казненото процесно право, претставува постапка во која обвинетиот се откажува од своето право на судење, во замена за намалување на обвинението или казната. Воведувањето на овој англоамерикански институт на европсково тло е резултат на заклучокот дека извесното и брзо определување поблага санкција сепак е помало зло од неизвесното и долго чекање построга санкција, чии превентивни ефекти, со тек на времето, се намалуваат и стимулираат понатамошно занимавање со криминалитет.

Спогодувањето се применува во современите кривични постапки, како од англо-американски, така и од евро-континентален тип, па токму заради тоа и е предмет на истражување во овој труд, чија цел е да укаже на правата на обвинетиот во постапка за спогодување. При спогодувањето, обвинетиот се откажува од некои свои права, но за возврат добива одредени придобивки, затоа што овозможил неговиот предмет да биде разрешен во забрзана постапка, наместо да се минува низ долг судски процес за кој се потребни повеќе ресурси.

Клучни зборови: обвинет, права, придобивки, спогодување.

ВОВЕД

Современото општество, развојот на информатичката технологија, комуникациите, како и глобализацијата, доведоа до потреба од реформи во правосудството. Ваквите реформи значеа модификација на правосудството, со цел задоволување на потребите и на барањата на корисниците при добивањето правосудни услуги. Неопходно беше правосудството да биде сервисно ориентирано, а за остварување на таа цел беше потребно поедноставување на постапките, намалување на трошоците, применување нови технологии, како и воведување нови начини за решавање на спорови-те и слично. Поради сето ова, во современото казнено процесно право, нема поголем реформски зафат без да се воведе некој од облиците за забрзување на кривичната постапка.

Реалното сфаќање на проблемот создаде подготвеност на органите на казнениот прогон за компромиси, односно за воведување промени кои до тогаш биле нетипични за евро-континенталните земји. Ако причината за неефикасната постапка се лоцира во казненото процесно право, логично е дека, за постапката да стане ефикасна, потребно е да се изврши реформа на казненото процесно право. Поради тоа, предизвик за многу држави во светов е кривичната постапка да се избегне, или пак, таа да се скрати на некој од законски дозволените начини. Експериментирањето и импровизирањето со воведување нови, оригинални решенија, е ризично и неизвесно, па затоа најголем дел од државите позајмуваат институти од други држави, кои одговараат на нивните потреби. Еден таков институт, кој евро-континенталните земји го позајмиле и го одомаќиниле на својата територија, е спогодувањето во кривичната постапка.

Спогодувањето претставува заемен договор во кој и двете страни отстапуваат од првичната замисла. Тоа не е обичен договор кој би произведувал дејство сам по себе, по заклучувањето во законски пропишаната форма. Спогодувањето претставува спогодба „sui generis“, која е основ за донесување судска одлука со која се пресудува во кривичен предмет, доколку судот ја прифати

понудената спогодба. Со тоа што обвинетиот се согласува на спогодување и отстапува од своите гарантирани права, кои би ги уживал доколку избере редовно судење, обвинителот добива сигурно обвинение и осудителна пресуда и поради тоа на обвинетиот, во замена за неговата одлука за спогодување, му нуди одредени концесии.

ПОИМОТ СПОГОДУВАЊЕ

Спогодувањето (plea bargaining) во буквален превод значи „пазарење – ценкање за вина". Спогодбата, во кривична постапка, се дефинира како постапка во која обвинетиот и обвинителот доаѓаат до заеднички прифатливо решение за казнениот предмет, којшто понатаму го одобрува судот.

Институтот „спогодба за признавање вина" според замисленият/оригиналниот концепт, усвоен во казнено правниот систем на САД, претставува комбинирана материјално-процесна пред судска алтернативна мерка којашто се состои во „спогодување" меѓу обвинителот и обвинетиот: обвинителот му предлага на обвинетиот да ја признае вината и да се согласи на определена казна, а ако тој го прифати предлогот, се склучува спогодба (порамнување), што ја исклучува потребата од главен претрес и од натамошна постапка по правните лекови. Спогодбата ја потврдува судот, кој потоа изрекува казна, без одржување главен претрес.[1]

Спогодувањето, односно генерално, спогодбената правда, претставува редефинирање на кривичното право и прифаќање нови облици на постапување, како одговор за полесни кривични дела, како начин да се задоволи чувството на несигурност и да се води сметка за интересите на жртвата, при што ваквата практика не ги повредува уставните гаранции на обвинетиот.[2]

Спогодувањето е процес со кој обвинетиот се откажува од своето право на судење, со тоа што прифаќа спогодување во замена за намалување на обвинението или казната.[3]

Спогодувањето се применува во многу земји ширум светот. Во Англија се применувало уште од XVI/XVII век, а било озаконето во 1996 година. Во САД спогодувањето се применувало уште пред пет века, а било регулирано во XIX век. Во Германија спогодбата во кривична постапка се применувала уште во текот на 1970-ти години, а законски била регулирана во 2009 година. Законското уредување на спогодбата во кривичната постапка датира од 1994 година во Гватемала, од 1995 во Бразил, од 1998 во Аргентина, од 1998 во Костарика, од 1998 година во Франција, од 1989 во Италија, од 1987 во Португалија, од 1988 во Шпанија, од 2003 во Босна и Херцеговина, од 2008 во Хрватска, од 2009 во Србија, од 2013 година во Република Северна Македонија.[4] Денес најзначајните теоретски и практични достигнувања поврзани со спогодувањето доаѓаат од САД, а од европските земји се издвојува Италија.

1 Камбовски, В. Организиран криминал, „2-ри Август С" – Штип, Скопје, 2005, стр.362

2 Sanderfur, T. In Defence of Plea Bargaining, Pacific Legal Foundation, Regulation, vol.26, No.3, Fall 2003, str.28-31

3 Acker R.J./Brody, C.D. Criminal procedure: A contemporary perspective, Second Edition, Jones and Bartlett Publisher, Sudbury, Massachusetts, 2004, str.482

4 Гроздановска, М. Примена на спогодувањето за вид и висина на кривичната санкција во Република Македонија – докторска дисертација, Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, февруари 2018;

ПРАВА ОД КОИ ОБВИНЕТИОТ СЕ ОТКАЖУВА ДОКОЛКУ СКЛУЧИ СПОГОДБА

Основни принципи при спогодувањето се дека тоа мора да се заснова врз:

- слободна волја на обвинетиот,
- еднаквост на странките и
- напредна заштита на правата на обвинетиот.

Спогодувањето, или како што уште се нарекува „правда без одржување судење", ја почитува индивидуалната волја на обвинетиот, со тоа што му дава одредена можност да ја контролира својата судбина.

Обвинетиот е советуван од адвокат и е заштитен со своите процесни права. Тој има можност за интелигентен избор во однос на она што го нуди обвинителот, односно да избере спогодување или редовна судска постапка. За да може да ја донесе оваа одлука обвинетиот мора претходно да биде запознаен со карактеристиките и со последиците од спогодувањето.

По правило, кај сите форми на поедноставени постапки доаѓа до лишување на обвинетиот од некои негови права и гаранции, кои тој, инаку, ги има во редовната постапка. Покритие за лишувањето на обвинетиот од неговите загарантирани права е неговата согласност, а оправдување е малото значење и тежината на кривичното дело, доволноста на доказите или неоспореноста на делата.[5]

Спогодувањето, како и другите кривични постапки со консенсуални елементи, отстапуваат од некои права кои на обвинетиот му се гарантирани во кривичната постапка, согласно со меѓународните прописи и националното право. Тие се:

- Право на обвинетиот да му суди независен и непристрасен суд (чл.6 ст.1 од ЕКЧП, чл. 14 ст.1 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, чл.10 од Универзалната декларација за човекови права, чл.98 од Уставот на РСМ, чл.5 од ЗКП на РСМ);
- Право на обвинетиот неговиот случај да биде испитан јавно и правично (чл.6 ст.1 од ЕКЧП, чл. 14 ст.1 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, чл.10 од Универзалната декларација за човекови права, чл.102 од Уставот на РСМ, чл.5 од ЗКП на РСМ);
- Право на презумпција на невиност (чл.6 ст.2 од ЕКЧП, чл. 14 ст.2 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, чл.11 од Универзалната декларација за човекови права, чл.13 од Уставот на РСМ, чл.2 од ЗКП на РСМ);
- Право на контрадикторно и непосредно испитување на сведоците на обвинението (чл.6. ст.3 од ЕКЧП, чл. 14 ст.3 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, чл.5 од ЗКП на РСМ);
- Забрана за дискриминација по кој било основ (чл. 14 од ЕКЧП, чл. 14 ст.1 и 3 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, чл.7 од Универзалната декларација за човекови права, чл.9 од Уставот на РСМ) и
- Право на жалба (чл.2 од Протоколот 7 кон ЕКЧП и чл. 14 ст.5 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, чл.15 од Уставот на РСМ, чл.410 од ЗКП на РСМ).

Во постапката за спогодување обвинетиот самостојно и доброволно се откажува од сите претходно наведени права. Со нудењето можност на обвинетиот да се спогоди, државата го става обвинетиот на крстопат, на кој на едната страна се наоѓаат правата што на секој обвинет му припаѓаат, а на другата откажувањето од тие права и стекнувањето одредени придобивки, за возврат.

5 Brkić, S. Racionalizacija krivičnog postupka I uprošćene procesne forme, Pravni Fakultet Novi Sad, 2004, стр. 295

Секој поединец слободно диспонира/располага со своите права, што значи дека уживањето на правата е слободно, исто како што и откажувањето од нив е слободно, но никако под закана од казнување. Сепак, при спогодувањето се наметнува прашањето дали наградувањето на оние кои се откажуваат од своите права не значи истовремено и казнување на оние кои се одлучиле да ги користат тие права? Одговорот на ова прашање е дека спогодувањето претставува олеснителна околност, а неспогодувањето не претставува отежнувачка околност. Некои добиваат, односно тоа се оние кои ќе се спогодат и ќе бидат поблаго казнети, но никој не губи, затоа што оние кои нема да се спогодат ќе добијат „нормална казна."

При спогодување доаѓа до отстапување од некои начела на кривичната постапка. Начелата на кривичната постапка не се догми, тие настанале како компромис меѓу двата вида кривична постапка, како резултат на предностите и недостатоците на инквизиторната и акузаторната постапка, како еден вид одговори на барањата кои се појавуваат во практиката, од што произлегува и можноста за примена на спогодување, при што се отстапува од некои начела. На национално ниво, законодавецот е тој кој ги уредува правилата за спогодување, определува од кои права обвинетиот се откажува доколку избере спогодување, а исто така ги дефинира и придобивките кои тој може да ги добие за возврат. Должноста на законодавецот да обезбеди рамнотежа меѓу основните права на обвинетиот и ефикасното кривично правосудство е нагласена и во Резолуцијата бр. III на XIV Меѓународен конгрес за кривично право, одржан во Виена, во 1989 година.[6]

ПРИДОБИВКИ ОД СПОГОДУВАЊЕТО ЗА ОБВИНЕТИОТ

Спогодувањето се оценува позитивно кога се има предвид дека дава подобри резултати и за двете страни. Обвинетите имаат многу процедурални и суштински права, но доколку изберат спогодување, ги „продаваат" овие права на обвинителот, а за возврат добиваат концесии, кои тие многу повеќе ги ценат од правата од кои се откажале. Доколку пак обвинетиот би се изјаснил за виновен, може да ги добие следниве придобивки:

- Намалување на казната или изрекување поблага кривична санкција. Со спогодувањето обвинетиот добива еден вид „попуст" при изборот и одмерувањето на кривичната санкција. Ова е главна и најчеста концесија која му се дава на обвинетиот, а заради која тој и се одлучува да се спогодува. Со спогодувањето, за обвинетиот често се исклучува примената на казната затвор. Тоа што нема да оди во затвор, за него значи дека нема да се соочи со стигмата што произлегува од затворската казна, а неодвојувањето од семејството и пријателите е голем поттик за обвинетиот да ја склучи спогодбата.
- Преквалификација на одредени казнени дела во прекршоци, или преквалификација од квалифицирано во основно или привилегирано казнено дело и откажување од гонење за одредени казнени дела против обвинетиот, за кои е покренатa постапка пред истиот суд од страна на обвинителот. Овие придобивки, со спогодувањето, може да ги манифестираат во оние национални системи во кои е дозволено да се склучи спогодба за кривичното дело.
- Избегнување на оптоварувањето и стресот по обвинувањето, како и скратување на времетраењето на непријатниот период во текот на кривичната постапка за обвинетиот.
- Помали трошоци за обвинетиот.
- Добивање статус на заштитен сведок.

6 Xivth International Congress of Penal Law, 1989, *https://www.penal.org/sites/default/files/files/RICPL%201989.pdf*

- Сигурност и помала можност за обвинетиот да биде неправедно казнет поради одмаздољубивост на судијата или обвинителот.
- Избегнување на казнените последици од осудата за потешки кривични дела.
- Намалување на притисокот од страна на јавноста, избегнување негативен публицитет и стигматизација на обвинетиот.
- Полесна, побезболна ресоцијализација и побрзо враќање во секојдневниот живот на обвинетиот, итн.

Со набројување на придобивките од спогодувањето, може да се добие погрешен впечаток дека од овој концепт повеќе полза има обвинетиот отколку обвинителот, чија што обврска е да го брани правниот систем од непочитувањата или од злоупотребите од граѓаните на една држава. Со примената на спогодувањето обвинителот може многу побрзо да ги гони сторителите на кривични дела и едновремено да ги одбегне долготрајните постапки и непотребното докажување кај флагрантините или кај полесните кривични дела. Во ваквите случаи работа на судијата е да констатира дека обвинетиот доброволно се одлучил за спогодување и да изрече пресуда во согласност со позитивните законски прописи. Спогодбата придонесува за општеството на начин што обезбедува виновните лица да не бидат ослободени.

Во основа, цел на спогодувањето е целокупниот случај да биде разрешен во скратена постапка: наместо да се минува низ судски процес, за кој е потребно многу време и ресурси, обвинетото лице се согласува, свесно, разумно и доброволно, да ја признае вината, со целосно разбирање дека за возврат ќе добие многу поповолна казна во споредба со онаа која би ја добило доколку биде осудено во редовна судска постапка. [7]

ЗАКЛУЧОК

Обвинетиот кој сторил кривично дело е ставен пред предизвик да избере меѓу спогодување и полесна санкција, од една страна, наспроти редовна постапка и потешка санкција, од друга страна. Доколку навистина е виновен, тој ќе знае дека ќе биде осуден, а единственото нешто кон кое ќе се стреми е да добие полесна или помала санкција. Тогаш негов логичен избор ќе биде спогодувањето. Самиот избор на спогодување за обвинетиот носи откажување од низа негови права, кои и без тоа му се гарантирани, како со националното, така и со меѓународното право. Но, за да може обвинетиот да донесе одлука дали ќе се спогодува или не, мора претходно да биде запознаен со сите предности и недостатоци на спогодувањето.

Покрај сите приговори упатени кон спогодувањето, со сигурност може да се каже дека тоа е реалност во современата кривична постапка и ниеден рационален законодавец не би смеел тоа да го негира. Сложена задача на законодавецот е да постави разумни и објективни услови за спогодување, со кои би се заштитиле правата на обвинетиот. Наспроти сфаќањата дека со спогодувањето се кршат човековите права, стои согласноста на обвинетиот за склучување спогодба, кога тој самостојно, разумно и доброволно оценил дека за него е поповолно да се откаже од своите права кои би ги имал во редовна постапка, за сметка на тоа што ќе го добие со спогодбата.

(Авторката е вонреден професор на Факултетот за правни науки - Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе)

7 Бужаровска-Лажетиќ, Г.Калајџиев, Г. Спогодување за вина прирачник за практичари, OSCE, Скопје, 2010, стр.77

ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ОСОМНИЧЕН ВО ПОЛИЦИСКА ПОСТАПКА

Република Северна Македонија, во Законот за кривичната постапка и во Законот за полиција, има извршено измени во насока на приближување кон правото на ЕУ. Сепак, постојат извесни недоследности во начинот на имплементација. Недоследностите се однесуваат, пред сè, во честото прекршување на правата на осомниченото лице и во непочитувањето на неговата личност.

ТОМЕ ДЕЛОВ

АПСТРАКТ

Во трудов предмет на анализа е правото на осомничениот да биде информиран за своите права, со цел да знае како да ги заштити своите уставно загарантирани права. Низ призмата на информирањето на осомниченото лице претставен е неговиот статус во македонското казнено право и условите со кои се соочува кога ќе биде доведен во полициска станица.

Во воведниов дел е презентиран историскиот развој и еволуцијата на односот на државата кон осомниченото лице. Потоа е даден преглед на меѓународните документи што го уредуваат ова прашање и е позиционирано каде во системот на Европската Унија е класифициран осомничениот, како субјект во казнената постапка. Главен акцент е ставен на положбата на осомниченото лице во казнено-правниот систем на Република Северна Македонија, како и на степенот на уважување на неговите уставно загарантирани права и реалните проблеми со кои се соочува. Во завршниот дел ќе се обидам да го наметнам прашањето колку институциите што се надлежни да ги штитат човековите права активно партиципираат во насока на подобрување на статусот кој го ужива осомничениот во казнено-правниот систем?

Клучни зборови: право, информирање, осомничен, полициска постапка, заштита.

ВОВЕД

Осмислувањето на улогата и значењето на почитувањето на правото на информирање е резултат на долг, еволутивен процес преку кој се поставени темелите на денешниот степен на прифатеност на правата на осомниченото лице.

Така, во примитивната заедница, криминалот бил сметан како навреда на боговите и казнувањето на злосторникот било со цел да се смири нивниот гнев. Според тоа, во првобитните општества не постоел концепт на „држава“.

Како што заедницата станувала сè поцврста и посплотена, неминовно било и самата да се вклучи во репресијата и во превенцијата на девијантните акти. Интенцијата за општествена контрола доведува до тоа истрагата за делото и „лекувањето” на последиците од него да бидат регулирани и контролирани од државата.[1]

Низ акузаторната и инквизиторната постапка осомничениот добива нова улога и нов правец преку кој ќе се движи остварувањето на неговите права. Акузаторниот систем, со нагласеност на еднаквоста на оружјата и усноста во постапката, го доведуваат осомничениот во состојба да добие можност да биде информиран за што се товари, но инквизиторниот модел, со воспоставената недоверба кон осомничениот и подведувањето кон тортура, како основен механизам за изнудување на признание за вина, претставува уназадување на патот кон афирмација на осомничениот, како субјект во постапката. [2]

1 Fawzia Cassim, The right to meaningful and informed participation in the criminal process, (2003), University of South Africa, стр.10

2 Snyman, „The accusatorial and inquisitorial approaches to criminal procedure: some points of comparison between the South African and continental systems” (1975) The Comparative and International Law Journal of Southern Africa, p. 100,101

Од денешен аспект, иако во многу случаи и декларативно, осомничениот има целосно право да знае што му се става на товар, да биде информиран и да му се даде можност да го разбере значењето на делото за кое е осомничен, а при тоа неговата личност да биде заштитена од уцени, закани и погрешни наведувања од страна на овластените лица.

Во трудов се анализира правото на информирање на осомничениот кога се наоѓа во полициска станица. За таа цел се искористени повеќе методи. Преку нормативно-правниот метод се разгледува уреденоста на конкретното прашање во регулативата за правото на информирање на осомничениот во Република Северна Македонија, а преку споредбено-правниот метод се анализира и уреденоста во соодветните правни системи на државите - членки на Европската Унија. Посебен предмет на интересирање се и практичната примена и соодветните искуства, во смисол на афирмација на правото на информирање на осомниченото лице. Методот на синтеза е искористен во завршниот дел од изработката на темава, конкретно во заклучокот, со цел да се изведат завршни согледувања и да се дадат насоки за во иднина.

1. ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ОСОМНИЧЕНИОТ ВО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

ПИСМО ЗА ПРАВАТА

За прв пат предлог осомничените лица да се информираат за нивните права бил иницран во таканаречениот „Green Paper"/„Зелена книга" - за гарантирање на процедуралните права на осомничените во полициска постапка, од 2003 година. Постојат пет основни права:

- право на правна помош и застапување,
- право на преведувач,
- право на ранливите групи на соодветна заштита,
- право на државјаните на други земји-членки и на трети земји на конзуларна помош, и
- право на „писмо за права".[3]

„Letter of rights"/„Писмо за правата" мора да им биде доделено на сите осомничени, односно, потребно е обвинението да биде напишано на јазик кој осомничениот го разбира и да ги содржи следниве права:

- право на бранител,
- право на молчење,
- право на медицинска помош, доколку е потребна,
- право на известување на конзуларните власти за неговото апсење, доколку е странец, -право на бесплатна правна помош,
- право да биде изведен пред суд во најкус можен рок и да биде известен за максималниот период на можен притвор, доколку му е изречен, како и
- правото на бесплатен пристап до списи.[4]

3 Eur-lex, Access to European Union law. „Green paper on criminal proceedings". February 2008. *http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=URISERV%3Al33214*

4 ibid.

„Писмото за правата“ на осомничениот треба да му стане достапно во моментот кога неговите права се во ризик и има потреба од нивна заштита. Проблем настанува во определувањето на тој момент. Тоа треба да се случи во моментот на апсење, или порано. Ако тоа не е обезбедено до доаѓањето на осомничениот во полициската станица, се поставува прашањето: Дали тој е свесен за своите права?. Од практични причини, се чини логично да му се стави на увид во полициската станица, бидејќи примероците на писмата се претпоставува дека ќе се чуваат таму, заедно со различните јазични верзии.[5]

Многу важен момент кој го определува однесувањето на осомничениот во понатамошниот тек на постапката е кога ќе му биде предочено „Писмото за правата“. Тешко е да се процени дали од обвинетиот треба да се бара да се потпише на „Писмото за правата“. Европската комисија консултирала претставници од неколку земји-членки за конкретново прашање. Повеќето полемизирале околу прашањето: Што би се случило со статусот на „Писмото за правата“ доколку тоа не му е предочено на осомничениот и кои би биле последиците од тоа?.[6]

Веднаш се поставува прашањето: Дали државите-членки се обврзани доследно да ги имплементираат правата содржани во „Писмото за правата“ и да се придржуваат до нив секогаш кога тоа ќе биде потребно? Иако, правата што се содржани во моделот „Letter of rights“ имаат своја основа во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и нејзината практика, сепак, во општите национални стандарди на државите-членки, речиси сите права може да бидат предмет на ограничувања, доколку има силни причини кои би ги оправдале исклучоците.

Осомничените треба да бидат свесни кога се нивните права ограничени, со цел да бидат во можност да побараат правни лекови, а властите мора да бидат обврзани да објаснат зошто правата им се ограничени.

ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ОСОМНИЧЕНИОТ НИЗ ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Повреда на фундаменталните права на осомничено лице во полициска постапка е забележана во многу случаи пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур (ЕСЧП). Најголем број апликации до ЕСЧП биле поднесени поради повреда на член 3 од Европската конвенција за човекови права.

Во случајот ‘Дину против Романија’, Судот утврдил повреда на член 3 од Европската конвенција за човекови права. Жалителот бил пријавен од неговата сестра дека го нарушувал мирот во домот и ги навредувал родителите. Полициските службеници, кои стигнале во домот на жалителот, веднаш го врзале со лисици и го турнале на земја со лицето свртено кон земјата, иако тој не давал отпор при апсењето. При излегувањето од домот му ја удриле главата од металната ограда на соседот, влечкајќи го до полициското возило. При влегувањето во амбулантното возило жалителот имал крв на лицето, но полицискиот службеник сè уште го држел со лисици и со лицето свртено кон подот. Кога бил отпуштен од болница, по осум дена, докторот го известил таткото на жалителот дека неговиот пациент бил претепан и дека претрпел повреда на ‘рбетот.

5 Eur-lex, Access to European Union law. „Green Paper from the Commission - Procedural Safeguards for Suspects and Defendants in Criminal Proceedings throughout the European Union “. Commission of the European Communities. Page 53. Brussels, 19.2.2003. http://eur-lex.europa.eu/legal

6 Ibid.

Владиниот агент, кој ја претставувал Романија, тврдел дека жалителот бил агресивен, во состојба на пијанство и дека претставувал опасност за своите најблиски. Повредите што ги здобил настанале како резултат на законско преземање дејствија од полициските службеници, со цел да ги заштитат него и неговите најблиски од неговото агресивно однесување. Судот ги прифатил медицинските докази за здобиените повреди и утврдил дека, иако жалителот не соработувал со полициските службеници и бил вознемирен, сепак, неговото однесување не било воопшто ни насилно, ниту несразмерно.

Поради тоа, Судот утврдил дека постои повреда на член 3 од Европската конвенција за човекови права, бидејќи полициските службеници можеле да употребат сила само за да ја смират вознемиреноста на жалителот, но лекувањето од седум-осум дена во болница, како резултат на постапувањето во конкретната ситуација, е несомнено прекршување на член 3 и повреда на правото на осомничениот.[7]

2. ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ОСОМНИЧЕНИОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија во целост ги почитува усвоените меѓународни документи што се однесуваат на осомниченото лице во полициската постапка. Највисокиот правен акт на РС Македонија, Уставот,[8] пропишува дека слободата на човекот е неприкосновена. Лицето повикано на информативен разговор, приведено или лишено од слобода, мора веднаш да биде запознаено со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка. Лицето лишено од слобода мора веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на лишувањето од слобода, да биде изведено пред суд, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода. [9]

Во таа насока, РС Македонија, во Законот за кривичната постапка (ЗКП)[10] и во Законот за полиција[11] има извршено измени во насока на приближување кон правото на ЕУ. Сепак, постојат извесни недоследности во начинот на имплементација.

Недоследностите се однесуваат, пред сè, во честото прекршување на правата на осомниченото лице и во непочитувањето на личноста на осомниченият. [12]

Правото на медицинска помош, односно правото на лекар, главно е предвидено, доколку осомниченото лице тоа го бара. Македонското законодавство, конкретно во ЗКП, во чл. 60 ст. 3 предвидува: „По потреба или по барање на лицето приведено или лишено од слобода ќе му се обезбеди соодветна лекарска помош. Лекарски преглед ќе биде одобрен доколку осомниченият се жали на повреда или на болка“.[13]

7 European Court of Human Rights, „Case of Dinu v. Romania“, Case law, Strasbourg, 7 February 2017 *http://hudoc.echr.coe.int/eng#{«itemid»:[«001-170863»]}*

8 Устав на Република Македонија, Службен весник на РМ, 52/1991 од 22.11.1991

9 Ibid, член 12 став 1,3,4

10 Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ, 150/2010 од 18.11.2010

11 Закон за полиција, Службен весник на РМ 114/2006 од 3.11.2006

12 Национален превентивен механизам, „Годишен извештај“, Народен правобранител, Скопје, 2013, страна 16, *http://www.varuh-rs.si/fileadmin/user_upload/NPM/SEE_NETWORK/NPM-LP-MAC-2012.pdf*

13 Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ, 150/2010 од 18.11.2010, член 60, став 3

Според Европскиот суд за човекови права,[14] правото на медицинска помош опфаќа права на осомничениот да излезе од полициска станица онака како што влегол, односно доколку се пожали на одредени повреди кои ги немал при приемот, се претпоставува дека нив ги здобил во полиција. Доколку нема добро објаснување за овие повреди се утврдува повреда на чл. 3 од ЕКПЧ[15] за нехуман и деградирачки третман, како и претпоставки за тортура.

Со зацврстување на ингеренциите на бранителот, со новините од ЗКП, осомничено лице добива целосен пристап и користење на правата кои му се законски определени. На осомничениот ќе му биде доставена листа на дежурни адвокати кои ќе бидат постојано достапни. Осомничениот не може да се откаже од бранител, доколку тоа е задолжително во зависност од стореното кривично дело.[16]

Со особено внимание треба да се следат препораките на невладините организации за заштита на човековите права кои постојано апелираат за злоупотреби на правата на лицата лишени од слобода.

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, во своите годишни и месечни извештаи, постојано укажува на прекумерната употреба на физичка сила врз лицата лишени од слобода и нивното изложување на нехуман и деградирачки однос од полициските службеници. За ова говори и фактот дека Европскиот суд за човекови права изрекол пет одлуки против РС Македонија во текот на 2015 година. Во пресудите се забележува дека има прекршувања на процедуралната и суштинската заштита што ја обезбедува член 3 од Европската конвенција за човекови права. Со други зборови, не само што полициските службеници се служеле со нечовечки и нехумани постапки кон граѓани, туку и механизмите за внатрешна контрола во ниту еден случај не успеале да утврдат незаконско однесување на полициските службеници и да спроведат ефективна истрага. Ваквата состојба е последица и на прекумерното вработување на нови полициски службеници во Министерството за внатрешни работи, при што има пораст во квантитетот за сметка на квалитетот на вработениот кадар.[17]

14 Council of Europe, European Court of Human Rights, „European Convention on Human Rights“, Strasbourg, 1 June 2010, Article 3. *http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf*

15 Council of Europe, European Court of Human Rights, „European Convention on Human Rights“, Strasbourg, 1 June 2010, Article 3 *http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf*

16 Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ, 150/2010 од 18.11.2010, член 74.

17 Хелсиншки Комитет за човекови права на Република С. Македонија, „ Годишен извештај за состојбите во областа на човековите права во Република С. Македонија во 2015“, Уранија Пировска, Скопје, 2016, стр.23 *http://mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/1929/GODISEN_IZVESTAJ_2015_mk.pdf*

3. ЗАКЛУЧОК

Досегашното истражување води кон неколку значајни препораки за правата на осомничениот во полициската постапка:

1. Активна улога на јавните обвинители во насока на контрола на полициските службеници во начинот на постапување со осомничените лица.
2. Посилна заштитна улога на осомничениот во остварувањето на неговите права треба да има и Оддел за внатрешна контрола, кирминалистички истраги и професионални стандарди[18] при Министерството за внатрешни работи. Нивниот постојан мониторинг врз работата на полициските службеници, во овој поглед, треба да биде со нагласена функција, бидејќи подрачјето на злоупотреби и прекршувања на правата на осомниченото лице е големо. При секоја пријава против полициски службеник, нивна задача треба да биде темелно и детално да го проучат секој случај и да го разгледаат од сите можни агли за да можат да утврдат дали целосно се испочитувани правата на осомничениот или постоел простор за злоупотреби.

Преземање иницијативи за зголемување на свеста на граѓаните за постоењето на националните институции за заштита на човековите слободи и права. Во прв план, тука најповикан е Народниот правобранител (Омбудсманот),[19] како најревносен чувар на правата на индивидуата од прекршување и злоупотреби од страна на државните институции. Неговата улога во оваа сфера е голема, почнувајќи од соработката со лицата кои се инволвирани во полициските постапки, нивните блиски, посетата на полициските станици, за да може директно да се запознае со условите под кои се држат осомничените лица, па се' до искористувањето на сите уставни и законски надлежности, кога е потребно да се реагира по определена поплака, пријава или постапка.

(Авторот е докторанд на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" на Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје)

18 Министерство за внатрешни работи на Република С. Македонија, Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи *http://www.mvr.gov.mk/page/sektor-za-vnatreshna-kontrola>*

19 Народен правобранител на Република С. Македонија(Омбудсман) *http://ombudsman.mk/*

ПРАВНАТА ДРЖАВА ЗАГУБЕНА ВО ЛАВИРИНТИТЕ НА ПОЛИТИКАТА, ПАРТОКРАТИЈАТА, ПАРАГРАФИТЕ, ПРАВОСУДСТВОТО И ПРОТЕКЦИОНИЗМОТ

Не сите политичари, административци, судии, обвинители, адвокати и цела плејада други, се неуки партиски војници, лепачи на плакати, послушници. Поголем дел се компетентни за извршување на своите функции и работни обврски но, нивниот проблем е што, по линија на најмал отпор, прифаќаат да живеат со туѓиот срам на малцинството во однос на мнозинството. Во прашање е будење на свеста и храбро спротивставување, лично и преку своите саморегулаторни тела и професионални здруженија, на оние кои манипулираат со нив и ги уриваат нивниот стручен и личен и авторитет и интегритет, но и довербата во професијата.

МАНЧО МИТЕВСКИ

НАМЕСТО АПСТРАКТ

Република Македонија, на стартот од осамостојувањето ги постави своите стратешки цели – влез во европското семејство со сите негови правни, животни и цивилизациски стандарди. Секако и рамноправно членство во главните институции – Европската Унија и НАТО, што подразбира пристоен и безбеден живот на граѓаните, владеење на правото, правна држава, почитување на човековите права и слободи и пристап до правда еднакво за сите. Во остварувањето на овие цели земјата имаше голем број проблеми, пред сé субјективни (внатрешни) и објективни (надворешни), па оттаму произлегуваат различните степени и нивоа на остварување на тие цели и стандарди. Проблемите и напредокот секоја година се нотираат и анализираат и во редовните извештаи за земјата од ЕУ, НАТО, САД и други надворешни стручни асоцијации, но и од домашните институции, регулаторни тела, од невладиниот сектор и од експертите. Општо, во речиси сите сфери има напредок, но резултатите и реформите не се на очекуваното ниво и не се одвиваат со посакуваното темпо. Посебно во сферата на владеењето на правото и правната држава.

Разумните експерти кои се одлични познавачи на уставно-правната сфера кај нас посочуваат на „потребата од соодветна примена на правото, што бара поекстензивно толкување на правните норми, без екстензивен формализам, како и примена на развиената меѓународна правна наука“. Ова, за жал, не е често присутно во остварување на владеењето на правото кај нас, туку како да се случуваат обратни процеси, се робува на буквалното толкување, со големи примеси на партизам и субјективизам, без поинтензивен пристап во толкувањето на нормите и барање решенија не само во параграфите, туку и во духот на законите, преовладува голем формализам во однос на подзаконските акти кои не се усогласени со некои од законите и скромна примена на развиената меѓународна правна наука.

Трудот нема научни амбиции, нема фусноти и цитати на користена литература и автори, туку целта е да поттикне размислување за некои навидум познати работи, односно работи кои не се сака да се видат, а од кои произлегуваат најголемиот дел од проблемите околу правната држава и владеењето на правото, како и неволјите и неправдите кои ги трпат обичните граѓани и општеството од судството, институциите, државните и јавните претпријатија, „независните“ регулаторни тела...

Станува збор за огромните „црни дупки“ кои се појавуваат на просторите меѓу законите, подзаконските акти и нивното толкување и спроведување, свесно креираните „правни празнини“ во нормативата за потоа да се користат кога ќе „затреба“, должничко-доверителните (на ти го, дај ми го) односи меѓу политичките партии и од нив вработените во администрацијата, поставените судии и обвинители во правосудството (од „сваровски“ системот), корумпираните ланци од адвокати, обвинители, судии (основни, апелациски, врховни, уставни) кои продуцираат застарувања на пресуди, а со тоа и неказнивост за највисоките форми на криминал и корупција, некомпетентните директори и шефови во институциите од партиите, партократијата, непотизмот и протекционизмот за „своите“ во однос на „другите“ и на уште цела низа елементи на кои не се обрнува многу внимание.

НАМЕСТО ВОВЕД

Најлоши се состојбите во правосудството, кое стана најочигледен пример за потфрлањата на реформите не само во оваа сфера, туку и во целото општество, наспроти огромните финансиски и експертски вложувања од меѓународниот фактор и поттиците однатре. Вистинска парадигма за да се доловат на најавтентичен начин состојбите во правосудството, како една од најзначајните области, која има најмала доверба од сите други институции е - Судски совет. Ова тело, кое треба да се грижи за професионализмот и законитоста во работата на судството, стана експонент на кршењето на законите, процедурите и моралот. Под диригентска палка на потпретседателот, без почитување на законот и процедурите, ова тело, на незаконски начин, без валидно образложените, насилно одземајќи и го раководењето со седницата, без потребното мнозинство, ја разреши дотогашната претседателка!

„Истакнатиот правник“, за кого во политичко-судските кулоари и во медиумите се зборува и пишува дека на тој начин сакал да ја оневозможи дотогашната претседателка да го постави на дневен ред разрешувањето на судија на Алелацискиот суд кој девет месеци, до застарување, го криел предметот за најголемиот криминален чин во македонската историја – прислушувањето на повеќе од 25 илјади функционери, дипломати, новинари, бизнисмени, граѓани..., по тој повод, архимедовски извикувајќи „еурека“, ја изрекол мислата : Сé што не е забрането со Устав и закон е дозволено! И остана жив, за по два три дена да ја повтори постапката за разрешување на претседателката и да се избере нов претседател! Сите од Судскиот совет, и судиите и особено „истакнатите правници“, кои на незаконски начин пресудуваат, разрешуваат, именуваат и ги толкуваат законите, како ни лук да јаделе, ни на лук мирисале, си продолжија „да клатат врата и да земаат плата“, наместо да покажат малку човечка и правничка доблест и да си поднесат оставки.

И една мала дигресија. Како ќе реагираше, потпретседателот – „истакнат правник“, ако некој од присутните на состанокот дојдеше до него и го плукнеше в лице?! Правниците ќе кажат – ќе тужи за јавна навреда. Но, други правници ќе одвратат – никаде во законот во описот на навредата нема таксативно набележано – плукање в лице! Па нели - сé што не е забрането со Устав и закон е дозволено!? Кон овие скандалозни случувања во Судскиот совет, каде како алиби и спас послужи една правна формулација која се користи во ситуации кога се појавува некоја правно нерегулирана ситуација, дека ако нешто со закон не е забрането - е дозволено, што во случајов не е прикладно. За да не остане поназад, кон оваа рашомонијада се приклучи и Советот на јавни обвинители, каде се тргна според обратниот принцип – она што не е со закон регулирано не е дозволено, па бидејќи критиката на овој Совет не е со закон предвидена – таа е забранета! Именно, за критика изречена за работата на Советот, ова тело покрена постапка за дисциплинска одговорност против една ценета јавна обвинителка.

По овие скандалозни постапки на двата најзначајни саморегулаторни органи во правосудството, кои треба да се грижат за законитоста и професионалноста во овие значајни сфери, што не им се први и единствени, се чини дека е дојден вистинскиот момент за акција на целото општество. Сега од крстосницата треба да се пронајде правиот пат, да се направат вистинските чекори и да почнат темелни реформи, особено што на исто становиште се и меѓународниот и домашниот фактор.

Не смее да се дозволи да се пропушти шансата, слично како пред десетина години, во времето на заробената држава – кога беше направен таен политички договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, наместо да се судат – со закон да се амнестираат четирите монструозни Хашки случаи. Тоа е преседанот со кој во земјава се инаугурираше политичката култура на неказнивост дури и за криминалите од највисок ранг, што сега се враќа како бумеранг и се плаќа со огромни камати. Поради оваа и на неа слични работи во Република Северна Македонија во сите области од животот не може целосно да завладее правото, да профункционира правната држава и да има рамноправен пристап до правда за сите, а довербата во институциите е падната на најниски гранки.

ПЕРЦЕПЦИЈАТА – НА СРЕДИНА МЕЃУ РЕАЛНОТО И ИСКОНСТРУИРАНОТО

Македонското општество е многу специфично и комплицирано! Го карактеризираат: екстремната поделеност по сите можни основи, краткото паметење, лесно ветените брзини, некритички прифатените ветувања и брзите разочарувања, површноста во посматрањето на работите, високата искористеност на спин докторите, злоупотребената слобода на изразување и јавниот збор, земањето „здраво за готово“ на лажните вести и на самопромовирани експерти, мешетарењето на надворешни служби со наши извршители за странски интереси, теориите на заговор, „сечењето“ глави на сите кои ќе се подигнат над просечното ментално ниво и знаење за да се изедначат со просечните, нихилизмот за сè и сешто, релативизациите како алиби, одбранашката теза „сите се исти“, стихијноста во стилот „кому иде“ и, секако, незаобиколната перцепција на процесите што постојано е политичко-медиумски насочувана кон форсирани епилози, а не кон реалноста.

Во македонското општество, слично како и во сите општества во кои граѓаните и институциите немаат големо демократско искуство и традиција, а во кои политичката култура е на најниско ниви или ја нема, перцепцијата за општествените процеси не се создава според сопствениот ум, сознанија и промисла, туку таа се профилира, во најголем процент, потпирајќи се на мислења на други, според орвеловската „има кој да мисли“. Тие „други“, главно се партиски, бидејќи општеството е длабоко политичко-партиски поделено, на експерти за сé и сешто и најмногу на медиумите, јавните и социјалните, кои се инструирани или корумпирани од партиите или од нивните сопственици кои, од најразлични, пред сé профитабилни причини, одработуваат за некоја политичка опција. Кај нас, сега, само за една.

Ако се суди според анкетите и медиумите, сé во земјата е катастрофално и црно. Меѓутоа, бидејќи сè не може да биде само лошо и црно, како што сè не би можело да биде ни само бело, треба да се трага по реалното. А, реалното е некаде во средината меѓу екстремите и – во нијансите. А, нијансите и реалноста ги прават релевантните показатели, за разлика од перцепцијата во која се мешаат лични забележувања и доживувања, но и емоции, надворешни влијанија, а во македонскиот случај таа, во најголем обем, е резултат и на политичките определби на поединците.

Сепак, има некои работи кои се поклопуваат со општата перцепција но, кои се базирани на ноторни факти од направени анализи на сериозни институции и асоцијации, меѓу кои спаѓаат и годишните извештаи на Европската комисија и Стејт департментот на САД. Станува збор за заталканоста на правната држава и владеењето на правото во лавиринтите на политиката (партиите), партократијата (институциите и администрацијата), параграфите (законодавната власт и законите), правосудството (судството, обвинителството, адвокатурата) и протекционизмот (непотизмот и грижата за „своите“).

ПОЛИТИКАТА И ПРАВОТО КАЈ НАС НЕ ОДАТ - РАКА ПОД РАКА

Политиката, што значи партиите и правото во македонски и во пошироките регионални услови не се компатибилни и не одат заедно. Напротив, колку повеќе политика, толку помалку право. И обратно, колку повеќе владее правото, толку повеќе се стеснува просторот за политиката, односно за интересите на политичките партии. Нашата земја, општеството и граѓаните најдрастично го почувствуваа ова во моментите кога политиката, односно една партија (ВМРО-ДПМНЕ) целосно го поклопи правото, што резултираше со заробување на државата, како единствен пример во светската историја, со сите последици што ги донесе еден таков статус врз општеството, економијата и граѓаните.

Поради преодот од еден систем во друг, долгата транзиција која, за жал, се уште трае, поради неискуството со демократијата која долги години ги прележува детските болести и тешкото воспоставување на правната држава како инструмент за владеење на правото, политиката – партиите, и натаму продолжуваат да бидат најмоќниот и единствен фактор кој ги креира и одлучува за процесите во државата, првенствено според тесните партиски интереси и личните профити на партиските лидери и функционери.

Демократските процеси, правната држава и владеењето на правото во најголема мерка зависат од политичката волја на партиите, без разлика дали се на власт или во опозиција. За жал, политичката волја за демократија и владеење на правото е многу помала или само декларативна од интересот на партиите да ги контролираат процесите со цел што подолго да останат на власт или да ја освојат и да ги користат привилегиите и моќта од тоа, па макар и со заобиколување на законите и процедурите и по цена на стагнирање на државата, па дури и со нејзино заробување. Овие глобални елементи се основната причина за најголемиот дел од најзначајните проблеми на општеството, на државата и на граѓаните.

ПАРТОКРАТИЈАТА СО „СВОЈА“ ДРЖАВА КОЈА УШТЕ Е ДЕЛУМНО ЗАРОБЕНА

Република Северна Македонија, покрај тоа што е дефинирана како држава на граѓаните, слободно може да се нарече и „држава на бирократијата“. По големите миграции на населението во странство последниве дваесетина години, произлегува дека бројката од околу 140 илјади вработени во државната и јавната администрација, плус некои дејности што соработуваат со неа, претставуваат речиси десетина отсто од населението што во моментот живее во земјата (проценките се околу 1.500.000)! Бројот на вработените во овој сектор се дуплираше во десетгодишното владеење на партијата што ја зароби државата, а најголемиот број од нововработените беа партиски војници и некомпетентни за извршување на функциите и работните задачи што ги добија. Институциите на државата, државната и јавната администрација се претворија, во најголем процент, во партократија, па како краен епилог земјата од Европската Унија ја доби квалификацијата – заробена држава.

Со промената на власта, иако на демократски начин беше урнат системот на партократија, наместо да дојде до подобрување, а администрацијата и бирократскиот пристап да се намалат, бројките и состојбите само малку се промениja, а бројни инсталации на авторитарниот режим останаа и на функции и на работа. Реформите кои се одвиваат во континуитет, даваат некакви,

но не ги даваат очекуваните резултати, иако во нив се вложени огромни човечки и материјално-финансиски ресурси, домашни и странски. И, што е најзначајно, менталитетот кај поголемиот број од оваа огромна групација вработени останува ист – бирократски однос кон работата, измислување свои правила, префрлање на барањата од еден орган или од еден вработен на друг, читање на законските, подзаконските и други норми како што им одговара, непризнавање на одлуки на судови и други државни органи, ароганција и манифестирање моќ од „шалтерот“, мито, корупција, непотизам, протекционизам кон своите, јавно поддржување, кодошење и „кртовски“ услуги на партијата што ги задолжила со вработување... Наместо сервис на граѓаните, голем дел од јавните и државните административни служби и натаму се ноќна мора за граѓаните.

ЗАКОНОДАВСТВОТО БЛОКИРАНО ОД ЗАКОНОДАВЦИТЕ!

Владеењето на правото и правната држава функционираат во зависност од тоа како законодавната власт, односно законодавниот дом ќе ги сервисираат и поддржуваат со донесување на потребните квалитетни закони, одлуки и друга нормативa. Меѓутоа, повеќе од половина од досегашниот мандат Собранието практично не работи поради, како што самата се фали опозицијата - „активната блокада“. Практично, дел од законодавците го блокираат законодавниот дом поради своите тесни партиски и лични интереси кои се сведуваат на интересот што поскоро да ја освојат власта!

Во декадата кога партијата на актуелната опозиција беше власт, која прерасна во апсолутна, заробувајќи ги сите други власти - законодавната, извршната, судската и локалната - со што ја зароби и државата, донесуваше какви сака закони, нивни безбројни измени и дополнувања, како и свој деловник, полни со „дупки“, со цел да им се најдат во случај ако премине во опозиција. Сега таа своја „далекувидост“ ја користи обилно, блокирајќи ја работата на Собранието, со што ги блокира сите процеси во земјата, а кои се од интерес за државата и граѓаните, само за да и нашкоди на власта. Дури и по цена да се стопира започнатиот процес на евроинтеграција на земјата. Во парламентот нема континуирана работа и суштински дебати, туку само вербални битки меѓу „европските знаменца“, за да „киниса возот“ и процедурално-амандманските блокади за „возот да остане на перонот“. И сето тоа во корист на партиските интереси и борбата за власт, при што се занемаруваат виталните интереси на граѓаните и на државата.

„СВАРОВСКИ“ СУДСТВОТО КОГА ЌЕ ЗАТРЕБА СЕ́ УШТЕ ЗНАЕ ДА БЛЕСНЕ!

Правосудниот систем, во својата целокупност - судство, обвинителство и адвокатура - и натаму, и покрај тоа што акцентот на власта, на меѓународната заедница и на граѓаните, е тој да се реформира и да почне да генерира правда – и натаму е нерешлив проблем на македонското општество. Се преземаат мерки, се ангажираат меѓународни советници, се плаќаат огромни пари за проекти, се носат нови закони, технолошки се осовременуваат процесите и судниците, но тоа никако да почне да се реформира, односно никако да почне да ја враќа довербата во себе, која е спуштена на најниско ниво – само четири отсто од граѓаните веруваат во системот кој треба да суди во нивно име. За ваквата перцепција на граѓаните најзаслужни се случаите за

највисок сторен криминал од неколкутемина функционери или блиски до поранешниот режим кои се или ослободени или процесите се вратени на повторно судење поради процедурални или пропусти во пресудите, односно поради сé поизразениот тренд на неказнивост!

Уште додека беше на власт, режимот на партијата што ја зароби државата, го профилираше правосудниот систем како бедем за одбрана од обвинувањата на своите највисоки функционери од Специјалното јавно обвинителство за сторените криминали и злоупотреби. Го сочинуваа неколку јавни обвинители, десетина „сваровски“ судии од Кривичниот, Апелацискиот и Врховниот суд, потоа членови на Судскиот и Советот на обвинители и неколку доверливи добро платени адвокати. Тој бедем не беше многуброен, но беше многу цврст и лојален, а дел од тие персони останаа како ефикасни инсталации на режимот и по смената на власта, до ден денешен.

Ако пратениците на времето го изумија свесното оставање дупки и непрецизни формулации во законите, за да се „најдат“ кога ќе затреба, судиите ги измислија свесно оставените „дупки“ - пропусти во постапките и во пресудите - за враќање на процесите од почеток, а како посебен изум се покажаа „дупките“ во фиоките на судиите каде пропаѓаат пресудите на нивните штитеници – криминалци од највисок калибар – до законското застарување.

За жал, но и како врвен апсурд, при толку голем број незаконски постапки, неефикасност и политичко-одбранашки одлуки и пресуди на обвинители, судии и адвокати, досега во јавноста се нема појавено вест дека е повикан на одговорност обвинител кој држел во фиока предмет со аргументи за сериозен криминал, судија кој направил грешки во постапката, не извел доволно докази, па пресудата му паднала, дека некој апелациски судија криел предмет до застарување, адвокат кој создал и „сервисирал“ ланец кој овозможил ноторен криминалец да остане неказнет (иако некои велат дека тоа им е работа од која живеат!).

ПРОТЕКЦИОНИЗАМ – ИЛИ ПОРАМНОПРАВНИ ОД РАМНОПРАВНИТЕ!

Еден, само навидум маргинален проблем на владеењето на правото и на правната држава кај нас е протекционизмот, односно со актуелниот политички жаргон наречен непотизам. Орвеловски кажано, во принцип, сите во државата се рамноправни, но некои се порамноправни, особено оние зад кои стои моќта на власта и парите, па макар сториле криминали од највисоко ниво. За сите вработувањето, напредувањето во службата, поставувањето на високи функции е достапно, но за некои е подостапно...

Проблемот е што протекционизмот и непотизмот го прават партиите кои се на власт во корист на „своите“, а на штета на „другите“. Иако овие аномалии со протекционизмот се намалени во однос на периодот на режимот што ја зароби државата, сепак, колку и да се маргинализирани, тие се штетни за владеењето на правото и правната држава, бидејќи значат неправо и неправда.

НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Нашата земја е една од ретките земји каде транзицијата трае повеќе од три децении од осамостојувањето. Власта се менуваше меѓу две идеолошко-политички опции. Со секоја власт почнуваа реформи, пред сé во сферата на владеењето на правото и правната држава, како и во битката против криминалот и корупцијата. Со секоја промена на власта се правеше промена на концептот, иако се заговараа исти приоритети во оваа сфера. Секоја промена на власта значеше дисконтинуитет на реформите и нивно почнување одново.

Низ светската историја е познато дека големите реформи биле најуспешни ако како нивен идеолог, спроведувач и контролор се појавувала една политичка опција или една личност. Дисконтинуитетот којшто негативно се одразуваше врз реформите кај нас, се манифестираше и преку постојаното менување на министрите, посебно на министрите за правда, дури и во една владејачка коалиција поради партиско-коалициски математики. На пример, во актуелната коалиција на СДСМ, ДУИ и другите, за четири години се сменија неколку министри за правда од различни партии. Истото се однесува и за другите значајни општествени сектори - администрација, образование, здравство, социјала... А, се знае, нов министер, нов пристап, нов концепт, нови партиски интереси. Значи, ако се сакаат вистински реформи во сферата на правото, како прв услов треба да се обезбеди концептуален и персонален континуитет.

И, уште нешто, посебно значајно: треба многу да се работи не само на законите, туку и на менталитетот на реформаторите и на имплементаторите на реформите. Не сите политичари, административци, судии, обвинители, адвокати и цела плејада други, се неуки партиски војници, лепачи на плакати, послушници... Поголемиот дел се чесни и компетентни за извршување на своите функции и работни обврски, но нивниот проблем е што, по линија на најмал отпор, прифаќаат да живеат со туѓиот срам на малцинството лоши и корумпирани во однос на мнозинството. Во прашање е будење на свеста и храбро спротивставување, лично и преку своите саморегулаторни тела и професионални здруженија, на оние кои манипулираат со нив и ги уриваат нивниот стручен и личен авторитет и интегритет, но и довербата во професијата од која живеат.

(Авторот е новинар и публицист)



Институт за човекови права